# О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

31.01.2024 година, Гевгелија    Број 2    Година XXXXIII

**С о д р ж и н а**

**Страна**

2. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата во Општина Гевгелија за 2023 година ------------------------------------------------------------------- 4
3.Програма за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2024 година ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------ 5
4.Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на спортските активности во Општина Гевгелија за 2023 година ------------------------------------------------------------------------------------------15
5.Програма за финансирање на спортските активности во Општина Гевгелија за 2024 година -------------------------------16
6.Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита на децата за 2023 година ---------------------------------------------------------------------------24
7.Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита на децата за 2024 година-25
8.Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2023 година ------------------------------------------------------------ 37
9.Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2024 година ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------- 38
10.Заклучок за усвојување на Извештајот за работата на ЛМС во Општина Гевгелија за 2023 година------------------ 48
11.Програма за работа на ЛМС на Општина Гевгелија во 2024 година ------------------------------------------------------- 49
12.Правилник за утврдување критериуми, услови и постапка за доделување еднократна парична помош----------- 54
13.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за субвенционирање на потрошувачката на основните комунални услуги
14.Решение за именување член во Управниот одбор на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи-Гевгелија како претставник на Општина Гевгелија ---------------------------------------------------------------------------------------------- 60
15.Заклучок за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на проекти, манифестации и значајни настани на месните заедници во Општина Гевгелија за 2023 година----------------------------------------------- 61
16.Заклучок заусвојување Извештејот од корисниците на финансиските средства од Програмата за финансиска поддршка на НВО секторот од Општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2023 година ------- 62
17.Одлука за за прифаќање на донација од Фондација "ИЦЕ БЕГОВ" – Скопје ------------------------------------------------------- 63
18.Заклучок за усвојување на Извештајот за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија за 2023 година.----------------------------------------------------------------------------------- 65
19.Заклучок за усвојување на Програмата за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија за 2024 година------------------------------------------------------------------------------------ 66

20.Решение за давање согласност на Програмата за работни активности на ЈПКД ″Комуналец″- Гевгелија за 2024 година -------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------- 67
21.Одлука за утврдување приоритет на Проектот „Изградба на водоводна мрежа, фекална канализација и атмосферска канализација за дел од блок 4.4., општина Гевгелија------------------------------------------------------------ 68
22.Изјавата дека Општина Гевгелија ги исполнува условите за снабдување со вода за пиење и одведување урбани отпадни води------------------------------------------------------------------------------------------------ 69
23.Одлука за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант------------------------------ 71
24.Одлука за давање согласност на Измената на Годишниот план за вработување на Општина Гевгелија за 2024 година ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------- 73
25.Одлука за приоритет на проект за изградба на улица "Свети Климент Охридски" (продолжување на Булевар Гевгелија), општина Гевгелија ------------------------------------------------------------------------------------------------- 74

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата во општина Гевгелија за 2023 година.**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата во општина Гевгелија за 2023 година, донесен на седницата одржана на 29.01.2024 година.

Бр.08-70/1
31.01.2024 год. Градоначалник
Гевгелија на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2024 година, по расправата по Предлог-Извештајот за реализацијата на Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата во општина Гевгелија за 2023 година, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

1**.**Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата во општина Гевгелија за 2023 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″**.**

Бр.09-179/1 Претседател
29.01.2024 год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Патрик Матх с.р.**

**-------------------------------------------------------**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“‶ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

## З А К Л У Ч О К

За објавување на Програмата за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на Општина Гевгелија за 2024 година

Се објавува Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата во општина Гевгелија за 2024 година, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 29.01.2024 година.

Бр.08-70/2
31.01.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-----------------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 год.), а во врска со член 7 став (3) од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2024 година, донесе:

## П Р О Г Р А М А

**за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2024 година**

| Програма за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2024 година | |
|---|---|
| Град/општина | Општина Гевгелија |
| **Сектор** (организациона единица) **надлежен за спроведување на програмата** | Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт |
| **Вид на програмата** | ☒ Хоризонтална<br>☐ Вертикална |
| **Правен основ** | ✓Законски основи: |

| | |
|---|---|
| | - Закон за култура;<br>- Закон за локална самоуправа;<br>- Закон за еднакви можности на жените и мажите;<br>- Закон за спречување и заштита од дискриминација.<br><br>✓Обврски од Национални стратегии и други правни документи:<br><br>- Статут на Општина Гевгелија;<br>- Национална стратегија за родова рамноправност 2022 - 2026 година. |
| **1. Вовед/опис на програмата** | Со Програмата за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на Општина Гевгелија за 2024 година се утврдуваат целите, активности и висината на средствата за нивно финансирање. Програмата ги дефинира целите на културната политика во општина Гевгелија кои треба да ги исполнат носителите на културните активности, односно тие да се во функција на културниот развој на општината во 2024 година. Со цел програмата да опфати квалитетни, оригинални и разновидни културни содржини кои ќе ги одразат јавните потреби на општината во областа на културата. Со оваа Програма, врз основа на критериумите за финансирање на програмите и проектите, се утврдуваат активностите кои ќе бидат финансирани со програмата и висината на средствата за нивна реализација. |
| **2. Процес на донесување на програмата или идентификување на точки за подобрување** | Градоначалникот на Општина Гевгелија, на 19 октомври 2023 година, распиша Конкурс за финансирање програми и проекти во областа на културата од интерес на Општина Гевгелија за 2024 година. Конкурсот траеше цел месец, односно до 15 ноември 2023 година. На Конкурсот, можеа да учествуваат: уметници, самостојни уметници, установи од областа на културата со седиште во општина Гевгелија, здруженија на граѓани, физички и правни лица, регистрирани во Република Северна Македонија за дејности од областа на културата, согласно Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Северна Македонија.<br>Апликациите се доставуваа во Одделението за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт и во предвидениот рок за аплицирање пристигнаа 43 апликации. По нивното разгледување, согласно утврдените критериуми за финансирање, на предлог на Градоначалникот е подготвена Програмата.<br>Преку Програмата за финансиска поддршка на програми и проекти од областа на културата од значење на општина Гевгелија за 2024 година, ќе бидат финансирани и активностите на: Драмската секција за деца, Ликовната секција за деца, Литературната секција за деца, Школата за гитара, Школата за тапани и Детскиот хор „Божилак“- Гевгелија.<br>Согласно собраните податоци и анализи од минатата година, а добиени преку бараните индикатори во Наративните и финансови извештаи за реализација на активностите опфатени со Програмата за финансиска поддршка на програми и проекти од областа на културата од значење на општина Гевгелија, Општина Гевгелија дала поддршка на:<br><br>- институции од областа на културата и училишта:<br>1. ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија (директор Ж- 1, претседател на УО М- 1, бр. на членови на УО- 5 М- 3 Ж- 2, бр. на враб.- 3 М- 1 Ж- 2);<br>2. ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија (директор М- 1, претседател на УО Ж- 1, бр. на членови на УО- 5 М- 1 Ж- 4, бр. на враб.- 5 М- 1 Ж- 4);<br>3. ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“- Гевгелија (директор М- 1, претсетдател на УО Ж- 1, бр. на членови на УО- 5 М- 3 – Ж- 2, бр. на враб.- 3 М- 2 – Ж- 1)<br>4. ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија (директор Ж- 1, претседател на УО М- 1, бр. на членови на УО- 7 М- 1 – Ж- 6, бр. на враб.- 69 М- 9 – Ж- 60); |

| | |
|---|---|
| | 5. ООМУ „Васо Карајанов“- Гевгелија (директор Ж- 1, претседател на УО Ж- 1, бр. на членови на УО- 7 М- 2 Ж- 5, бр. на враб.-11 М- 5 Ж- 6);<br><br>- физички лица:<br>Ж- 6 (учесници -29 М-6 Ж- 23) и 7- М (учесници- 90 М- 34 Ж- 56);<br>- НВО- сектор:<br>1. КУД „Танец“- Миравци (претседател М- 1, бр. на членови на УО- 4 М- 2 Ж- 2, бр. на учесници- 90 М- 41 Ж- 49);<br>2. Ансамбл за традиционална музика и игри „Бојмија“- Гевгелија (претседател М- 1, бр. на членови на УО- 5 М- 3 Ж- 2, бр. на учесници- 150 М- 49 Ж- 101);<br>3. ЗГ за етно предмети и музејски материјал „Миравчка свадба Ѓуро Мара“- Гевгелија (претседател М- 1, бр. на членови на УО- 7 М- 3 Ж- 4, бр. на учесници- 7 М- 3 Ж- 4);<br>4. ЗЛУРК „Арт Еквилибриум“- Гевгелија (претседател Ж- 1, бр. на членови на УО- 10 М- 6 Ж- 4, бр. на уметници- 31 М- 20 Ж- 11);<br>5. ЗГ „Внимание“- Гевгелија (претседател Ж- 1, бр. на членови на УО-13 М- 6 Ж- 7, бр. на уметници Ж- 6);<br>6. З КУД „Негорци“- Гевгелија (претседател М- 1, бр. на членови на УО- 7 М- 5 Ж- 2, бр. на уметници- 100 М- 30 Ж- 70);<br>7. ЗГ „Музички моменти“- Гевгелија (претседател М- 1, бр. на членови на УО- 5 М- 2 Ж- 3, бр. на уметници- 25 М- 7 Ж- 18);<br>8. Здружение на слепи лица, Гевгелија (претседател М- 1, бр. на членови на УО- 4 М- 2 Ж- 2, бр. на вклучени лица со попреченост- 22 М- 9 Ж- 13);<br>9. З КУД „Браќа Толеви“- Прдејци (претседател М- 1, бр. на членови на УО- 6 М- 4 Ж- 2, бр. на уметници- 41 М- 8 Ж- 133);<br>10. ЗГ „Интернационален детски музички фестивал „Калинка 2023“- Гевгелија (претседател М- 1, бр. на членови на УО- 5 М- 3 Ж- 2, бр. на уметници- 150 М- 15 Ж- 135, бр. на вклучени лица со попреченост- 3 М-1 Ж- 2);<br>11. КУД „Распеани гевгеличани“- Гевгелија (претседател Ж- 1, бр. на членови на УО- 5 М- 2 Ж- 3, бр. на учесници- 26 М- 14 Ж- 12). |
| **3. Цел на програмата или цели и опис** | - богат, квалитетен и разновиден културен живот на ниво на општината;<br>- чување и афирмирање на материјалното, духовното и културното наследство;<br>- поттикнување и афирмирање на културните разноликости на припадниците на етничките зедници;<br>- достапност на културните добра и вредности до граѓаните и граѓанките;<br>- континуитет на традиционалните културно-уметнички манифестации што се од интерес за општината;<br>- презентирање и афирмирање на современото творештво, урбаната култура и јавната уметност;<br>- афирмирање и поддршка на млади уметници и уметнички, и автори и авторки (до 35 години);<br>- развивање на младинската култура во чии рамки ќе се поддржуваат креативни и едукативни проекти од категориите на изведбените уметности, визуелните уметности, уметност на новите медиуми и литература (книга/стрип албум/графичка новела);<br>- развивање на аматерската култура во чии рамки ќе се поддржуваат креативни и едукативни проекти од категориите на изведбените уметности, визуелните уметности, архитектурата и дизајнот, уметноста на новите медиуми и литературата книга/стрип албум/графичка новела;<br>- поддршка и развивање на традиционалните културни вредности;<br>- воспоставување соработка и партнерства во рамките на предложениот проект со една или повеќе јавни културни установи |

| | |
|---|---|
| | од општината, национални установи, граѓански организации, образовни институции и други организации;<br>- одбележување јубилејни настани и значајни датуми;<br>- промоција и афирмација на нови уметнички форми и изрази;<br>- организирање меѓународни фестивали што се одржуваат во општина Гевгелија;<br>- стимулирање и поддршка на разни партнерски меѓународни проекти;<br>- поттикнување на научната и критичката мисла преку организирање на семинари, конференции и дебати;<br>- изведба на едукативни работилници за деца и млади, за наставничкиот кадар од основните и средните училишта, лицата со посебни потреби, со цел потикнување на нивната креативност и подобрување на културниот развој на децата и младите и лицата со посебни потреби;<br>- вклученост на повеќе субјекти и финансирање од повеќе извори. |
| **4. Мерки (или тематска област)** | **ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ РЕАЛИЗИРААТ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА** |

| р. бр. | Апликант | Активности | Одобрени средства |
|---|---|---|---|
| 1. | КУД „Танец“- Миравци | 1. Манифестација „Ѓура Мара 2024“<br>2. Годишна програма и работа во 2024<br>3. Учество на „35. Иванечки кресови“ во Копривнички Иванец, Копривница Р. Хрватска<br>4. Останати активности и учества на фестивали и манифестации во 2024 година | 150.000 д. |
| 2. | Дејан Малзарков, Гевгелија | 1. Снимање хумористични видео клипови<br>2. Изведување театарски претстави | 55.000 д. |
| 3. | Интернационален детски музички фестивал „Калинка 2023“- Гевгелија | 1. Интернационален детски музички фестивал „Калинка 2024“ | 750.000 д. |
| 4. | ЗЛУРК „Арт Еквилибриум“- Гевгелија | 1. Тетатарска претстава „Bad сарма“, режија Васил Михаил, сценарио Стефан Марковски<br>2. БОШ 16 Фестивал | 60.000 д. |
| 5. | Стефчо Стефанов, Гевгелија | 1. Објавување и промоција на книгата „Гевгелисувајне“ од Стефчо Стефанов | 20.000 д. |
| 6. | ООМУ „Васо Карајанов“- Гевгелија | 1. „Музички карван 2024“- музички настани, концерти, работилници и гостувања во други градови низ Републиката | 20.000 д. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. | ЗГ на граѓани политички затворани и осудувани за самобитноста на македонскиот народ и неговата државност- Скопје | 1. „Зборник на политички затвореници 1945-1990 г.“ од Никола Андонов | 20.000 д. |
| 8. | м-р Киро Ристов, Смоквица | 1. Печатење книга „Смоквица- населба, население, генеалогија“ од м-р Киро Ристов, | 20.000 д. |
| 9. | д-р Васко Шутаров, Гевгелија | 1. Печатење, објавување и промоција на книга „Паметење, заборавање и слични важни нешта“ од Васко Шутаров | 20.000 д. |
| 10. | Ансамбл за традиционална музика и игри „Бојмија“- Гевгелија | 1. Концертни активности- одбележување 20-годишен јубилеј на „Бојмија“<br>2. Концертни активности на Фестивали во: Куманово, Скопје, Крива Паланка, Секирник и Битола<br>3. Учество на Меѓ. фест. во Барселона, Шпанија | 180.000 д. |
| 11. | ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“- Гевгелија | 1. „Априлијада“- Ден на шегата<br>2. „Гевгелија денс“- модерни танци<br>3. Фестивал на електронска музика<br>4. Новогод. претстава „Дедо Мраз пак кај нас“<br>5. Изложба на рачни керам. израб. од деца со попреченост<br>6. Изложба на рачни ќерамички изработки<br>7. Етно панаѓур на традиционални грнчарски производи<br>8. Аранжирање цвеќе<br>9. Локален фолклорен фестивал „Гевгелија игра“<br>10. Мултиетнички фолклорен фестивал „Фолклорен ѓердан“<br>11. Традиционална гевгелиска свадба<br>12. Возобновување на русалиската традиција | 80.000 д. |
| 12. | Митра Ристовска, Гевгелија | 1. Новогодишен базар на рачни изработки | 15.000 д. |
| 13. | Миле Смилков, Гевгелија | 1. Квиз на знаење „Кој знае, знае, кој не ќе научи“ за млади до 18 години | 20.000 д. |
| 14. | Сузана Стефанова, Гевгелија | 1. Едукативна музичка работилница по флејта<br>2. Концерт на класична музика со ученици и наставници по флејта | 20.000 д. |
| 15. | Бранко Бизоев, Гевгелија | 1. Публикација и промоција на книга „Вовед во туристичко работење“<br>2. Промоција на проект „Одржлив рурален и културен туризам во Гевгелискиот регион“ | 20.000 д. |
| 16. | Здружение „Внимание“- Гевгелија | 1.Меѓународен натпревар (вокално пеење)<br>-Интернационален фестивал во Италија<br>-Меѓународен натпревар „Длга на клептуза“ во Велинград, Р. Бугарија | 80.000 д. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 2.Камерен состав „Music soul“ | |
| 17. | Венци Трајков, Гевгелија | 1.Збирка поезија „Љубов во старки“ | 20.000 д. |
| 18. | Катерина Атанасова,<br>Гевгелија | „Гевгелија-место каде се вкрстуваат културата и цивилизацијата на современото човештво“ | 180.000 д. |
| 19. | КУД „Распеани гевгеличани“ Гевгелија | 1. Гостувања во Струмица, Крива Паланка, Валандово, Дојран, Битола, Охрид, Свети Николе и Белград<br>2. Настап на Мерак меана, ТВ Сител Скопје<br>3. Обнова на староградска гардероба на членовите на друштвото | 60.000 д. |
| 20. | Глигор Гелебешев, Скопје | 1. Меѓународен натпревар за млади пијанисти | 80.000 д. |
| 21. | ЗГ „Дон Кихот- 95“, Гевгелија | 1. Театарска претстава за возрасни „Среќен мртовец“, режија Катица Џишева Дупарова, сценарио Марјан Анѓеловски | 40.000 д. |
| 22. | ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија | 1. Метрички карван Гевгелија-Радовиш<br>2. Литературна и ликовна работилница по повод Месец на книгата<br>3. Награден конкурс по повод 100 години од животот на Франц Кафка | 180.000 д. |
| 23. | Магда Ангова, Гевгелија | 1. Публикација и промоција на книга за деца „Брзозборки“ | 10.000 д. |
| 24. | ЗГ „Музички моменти“- Гевгелија | 1. Промовирање на млади музички и балетски таленти од Гевгелија<br>- Концерт посветен на денот на жената – 8 ми Март<br>- Велигденски концерт<br>- Концерт со првонаградени од државен и меѓународен натпревар<br>2. Божиќен концерт<br>3. Концерти со репродуктивни музички и балетски уметници:<br>- Концерт за обоа и пијано<br>- Два концерта за флејта и пијано<br>- Традиционални концерти<br>- Јубилеен концерт<br>- Трио „Адлибитум“<br>- Камерен оркестар „Арко“ филмска музика<br>- Клавирски трио „Љубовна приказна“ | 30.000 д. |
| 25. | Здружение за мултимедиална култура „МУЛТИМЕДИЈА“ Скопје | 1. Проект „Низ младинската леќа“, Гевгелија | 20.000 д. |
| 26. | З КУД „НЕГОРЦИ“ Негорци | 1. Програма за работа 2024 | 130.000 д. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 2. 3 меморијален фолклорен фестивал „Засекогаш со нас“<br>3. Учество на меѓународен детски фолклорен фестивал во Кранево, Бугарија<br>4. Учество на меѓународен фолклорен фестивал во Констанаца, Романија | |
| 27. | ЗГ „Од станица до граница“ | 1. Поетско- музичка вечер „За тебе љубов моја“<br>2. „Вековни мигови“ документарни филмови | 40.000 д. |
| 28. | Гордана Николоска Петрова, Гевгелија | 1. Керамичка работилница за деца со посебни потреби<br>2. Самостојна изложба – 30 години живот и творење во Гевгелија | 10.000 д. |
| 29. | ЗГ Градски мешан хор ГОРТИНИЈА- Гевгелија | 1. Меѓународен хорски фестивал и натпревар во Рим, Италија<br>2. Премиерна изведба на вокално инструментално дело<br>3. Времеплов на македонската хорска музика | 150.000 д. |
| 30. | Васко Трајков, Гевгелија | 1. Документарни филмови „Јужниот сокак“ (Борис Петров, Александар Митров – Зијан, Васко Шутаров, Тони Аврамов, Сашко Олумчев) | 40.000 д. |
| 31. | ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија | 1. Концерт на Трио 30 Прсти<br>2. Видео инсталација на Ице капсаров „Поглед во празнината“<br>3. Концертна промоција на албумот СТЕПС-Арт Мелодиес Франција, турнеја РСМ 2024-Сашо Поповски трио<br>4. Самостојна изложба на дела од Димитар Новаков<br>5. Самостојна изложба на академскиот вајар Синиша Новески<br>6. Преземање изложби од други културни центри<br>7. Театарски претстави<br>8. Солистички концерт на Дино Имери<br>9. Музички перформанс на денс група „Дива“<br>10. Изложба на фотографии Манастирите и Цркивте во гевгелиско<br>11. Изложба на фотографии „Огледало“<br>12. Лазаренки низ фотографии<br>13. Филмска адаптација „Русалиите“<br>14. Ревија на накит од Македонија<br>15. Гевгелиско културно лето<br>16. Чествување на Спасовден<br>17. Концерт на ансамбл „КВИНТЕО“<br>18. Национална Опера и Балет „Молитви на моето тело“ | 400.000 д. |
| 32. | ЗГ АРТ-УМ 023 Гевгелија | 1. „WORKSHOP“ работилница (информирање на младите за музичко инжинерство<br>2. „Jam Session“  (настап во живо и импровизација со различни жанрови)<br>3. „Арт-ум“ фестивал<br>4. Промотивен настан (промовирање на авторски дела на локални артисти) | 400.000 д. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 33. | ЗКУД „Браќа Толеви“ Прдејци | 1. Фолклорно-културна манифестација „Денови на виното“<br>2. „Заедно можеме повеќе“<br>3. Учество на фестивал на ветерани<br>4. Новогодишен концерт и базар | 130.000 д. |
| 34. | Теона Трајковска, Скопје | 1. Изложба на дигитална уметност „Позитивни вибрации“ | 10.000 д. |
| 35. | Здружение на слепи лица- Гевгелија | 1. 15 Октомври – Вешта жена | 30.000 д. |
| 36. | СКЕНДЕРОВСКИ ПРОДУКЦИЈА СКОПЈЕ | 1. „Македонијо во срце те носиме“ (Музички хепенинг) | 700.000 д. |
| 37. | Тодор Новаков, с. Моин- Гевгелија | 1. Моинска вечер | 20.000 д. |
| 38. | Тони Аврамов, Гевгелија | 1. Драмски текст за деца „Царството“<br>2. Книга раскази „Ќаја“ | 20.000 д. |
| 39. | Никола Минчевски, Гевгелија | 1. Собирање на етно предмети, народни носии<br>1.а. Исплата или награда за добиените етно предмети и носии<br>2. Заштита на етно предметите, народните носии<br>3. Опремување на просторијата на ЗГ за етно предмети<br>4. Промоција на здружението<br>5. Изложби<br>6. Едукативни програми за ученици во основни и средни училишта<br>7. Учество во одбележување на значајни датуми од историјата на општина Гевгелија | 20.000 д. |
| 40. | Христијан Чакаров, Гевгелија | 1. Традиционална презентација на ромската култура и избор на ромски убавици | 20.000 д. |
| 41. | ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија | 1. 80 години работа на ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија- Подготовка и печатење Монографија за Училиштето | 30.000 д. |
| 42. | Лазе Николов, Гевгелија | 1. 6 краткометражни хумористични видеа- скечеви „Ноофенс“ | 20.000 д. |
| 43. | ЗГ „Чејнџмејкерс“- Гевгелија | 1. Со љубов за „Вардарски Рид“<br>2. Хуманитарен концерт „И ние постоиме“ | 10.000 д. |
| 44. | Одбележување Спасовден | 1. Културно-уметничка програма | 155.000 д. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 45. | Одбележување 7 Ноември | 1. Културно-уметничка програма<br>2. Седмоноемвриски награди | 550.000 д. |
| 46. | Дополнителни активности | | 500.000 д. |
| 47. | Активности на Драмска секција за деца | | 282.800 д. |
| 48. | Активности на Литературна секција за деца | | 145.200 д. |
| 49. | Активности на Ликовна секција за деца | | 264.000 д. |
| 50. | Активности на Школа за гитара | | 264.000 д. |
| 51. | Активности на Школа за тапани | | 264.000 д. |
| 52. | Активности на Детски хор „Божилак“- Гевгелија | | 275.000 д. |
| **вкупно:** | | | **7.030.000 д.** |

- За активностите од областа на културата кои не се опфатени со оваа Програма, а ќе се појават во текот на 2024 година и се од општ интерес за општината, Советот на Општина Гевгелија ќе изврши дополнување на истата.

**4.1. Индикатори:**

* за правни лица:
- број на поддржани институции од областа на културата;
- број на поддржани правни лица кои реализираат активности од областа на културата;
- број на жени и мажи- носители на јавни функции;
- број на жени и мажи во раководните органи на институциите;
- број на жени и мажи- вработени во институциите;
- број на жени и мажи- носители на програмските активности;
- број на вклучени жени и мажи- уметници во програмските активности;
- број на проекти коишто конкретно се однесуваат на жени и конкретно на мажи.

* за физички лица:
- број на поддржани самостојни жени и мажи- уметници;
- број на жени и мажи- носители на програмските активности;
- број на вклучени жени и мажи- уметници во програмските активности;
- број на проекти коишто конкретно се однесуваат на жени и конкретно на мажи.

**4.2. Носител/извршител на мерката:**
- Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;

| | |
|---|---|
| - Одделение за финансиски прашања. | |
| **5. Очекувани резултати од мерките** | Согласно мерливите индикатори за следењето на состојбата и разделени статистички податоци, ќе се анализира дали се постигнати целите на мерките од Програмата за подобрување на положбата на жените и мажите во областа на културата на локално ниво. И тоа:<br>- жените и нивните потреби и барања се вклучени во процесите на креирање политики, програми и буџети на локално ниво;<br>- систематско и одржливо користење на родово-одговорно буџетирање како алатка од страна на буџетските корисници на локално ниво;<br>- редовно собирање и ажурирање на родово-разделени податоци кај сите релевантни чинители;<br>- мерливи индикатори за следење на состојбата со еднаквите можности на жените и мажите во областа на културата;<br>- зголемена застапеност на жените во органите на одлучување.<br><br>Останати очекувани резултати:<br>- поголема застапеност на младите и лицата со попреченост во културните активности и манифестации;<br>- развој на сите видови уметност на подрачјето на општина Гевгелија;<br>- развој на културниот туризам;<br>- унапредување на соработката помеѓу локалната самоуправа и културните субјекти;<br>- континуирана финансиска и логистичка поддршка на културни манифестации со цел да прераснат во традиционални. |
| **6. Ризици** | Економска и здравствена криза |
| **7. Буџет на програмата и извори на финансирање** | 7.030.000 денари од буџетската програма К4- Културни манифестации и творештво |
| **8. Следење и известување/евалуација** | Следењето на Програмата ќе се врши согласно доставените Наративни и финансиски извештаи на корисниците, коишто поднеле барање за исплата на одобрените средства за реализација на нивните активности.<br>Извештајот за реализација на Програмата ќе го подготви Одделението за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт и ќе го достави на усвојување од Советот на Општина Гевгелија.<br>За секоја одржана активност од Програмата во текот на годината, Општина Гевгелија ги известува граѓаните преку нејзините официјални веб- и Фејсбук-страна. |
| **9. Завршни и преодни одредби** | За реализација на Програмата, надлежен е Градоначалникот на општина Гевгелија.<br>Оваа Програма влегува во сила денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“. |

Бр.09-180/1
29.01.2024 г.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на спортските активности во Општина Гевгелија за 2023 година.**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на реализација на Програмата за финансирање на спортските активности во Општина Гевгелија за 2023 година, донесен на седницата одржана на 29.01.2024 година.

Бр.08-70/3
31.01.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2024 година, по расправата по Предлог-Извештајот за реализацијата на Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2023 година, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

1**.**Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на спортските активности во Општина Гевгелија за 2023 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″**.**

Бр.09-181/1
29.01.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за финансирање на спортските активности во Општина Гевгелија за 2024 година.**

Се објавува Програмата за финансирање на спортските активности во Општина Гевгелија за 2024 година, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 29.01.2024 година.

Бр.08-70/4
31.01.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 22-а од Законот за спорт („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 83/05, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 244/19), член 22 став (1) точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 2/21 и 5/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2024 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2024 година**

| Наслов на програмата: Програма за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2024 година | |
|---|---|
| Град/општина | Општина Гевгелија |
| **Сектор** (организациона единица) **надлежен за спроведување на програмата** | Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт |
| **Вид на програмата** | ☒ Хоризонтална<br>☐ Вертикална |
| **Правен основ** | ✓Законски обврски:<br>- Закон за спорт;<br>- Закон за локална самоуправа;<br>- Закон за еднакви можности на жените и мажите;<br>- Закон за спречување и заштита од дискриминација. |

| | |
|---|---|
| | ✓Обврски од национални Стратегии:<br>- Статут на Општина Гевгелија,<br>- Стратегија за родова еднаквост. |
| **1. Вовед/опис на програмата** | Со оваа Програма се планираат активности на Општина Гевгелија во областа на спортот и средствата за финансирање на истите од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година. |
| **2. Процес на донесување на програмата или идентификување на точки за подобрување** | Градоначалникот на Општина Гевгелија, на 19 октомври 2023 година, распиша Конкурс за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2024 година. Конкурсот траеше цел месец, односно до 15 ноември 2023 година. На Конкурсот, можеа да учествуваат: правни и физички лица – државјани на Република Северна Македонија.<br>Под правни лица се подразбираат: спортски здруженија, спортски клубови, здруженија на граѓани, училишни спортски сојузи, трговски друштва, акционерски друштва, трговци поединци, регистрирани во Република Северна Македонија за вршење дејност спорт, како и правни лица кои покрај регистрацијата за вршење дејност од друга област, се регистрирани и за вршење дејност спорт.<br>Апликациите се доставуваа во Одделението за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт и во предвидениот рок за аплицирање пристигнаа 40 апликации. По нивното разгледување, согласно утврдените критериуми за финансирање, на предлог на Градоначалникот е подготвена Програмата. Одобрени им се средства на 39 физички и правни лица, а одбиена е една апликација поради неисполнување на критериумите за доделување на средствата.<br>Согласно собраните податоци и анализи од минатата година, а добиени преку бараните индикатори во Наративните и финансови извештаи за реализација на активностите опфатени со Програмата за финансирање на спортските активности, Општина Гевгелија дала поддршка на:<br><br>- 4 спортски машки клуба и 2 женски спортски клуба;<br>- 3 самостојни спортистки и 3 самостојни спортистки;<br>- 2 училишни спортски клуба.<br><br>Раководни структури во НВО:<br>1. ЖРК „Ветерани Југ“- Гевгелија (Претседател Ж- 1, бр. на членови на УО Ж- 3, бр. на учесници Ж- 12);<br>2. ЗГ „Ангелов“- Богородица (Претседател М- 1, бр. на членови во УО- 5 М- 3 Ж- 2, бр. на учесници- 350 М- 320 Ж- 20);<br>3. Шаховски клуб „7 Ноември“- Гевгелија (Претседател М- 1, бр. на членови во УО М- 5, бр. на учесници М- 40);<br>4. МК „Ретки птици“- Гевгелија (Претседател М- 1, бр. на членови во УО- 5, М- 4 Ж- 1, бр. на учесници М- 24);<br>5. Училишен спортски клуб „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија (Претседател М- 1, бр. на членови во УО- 5 М- 4 Ж- 1, бр. на ученици- 80 М- 40 Ж- 40);<br>6. ЗГ МК „Ретки птици ГББ“- Гевгелија (Претседател М- 1, бр. на членови во УО М- 6, бр. на учесници М- 35);<br>7. Женски ракометен клуб- Гевгелија (Претседател М- 1, бр. на членови во УО- 5 М- 2 Ж- 3, бр. на учесници Ж- 45);<br>8. Здружение на риболовци, СРК „Акваспорт Гевгелија“ (Претседател М- 1, бр. на членови во УО М- 7, бр. на учесници М- 15;<br>9. Тениски клуб „Круна“- Гевгелија (Претседател М- 1, бр. на членови во УО М- 5, бр. на учесници- 45 М- 30 Ж- 15);<br>10. КМФ „Млади Миравци“- Гевгелија (Претседател М- 1, бр. на членови во УО – 8 М- 7 Ж- 1, бр. на учесници- 260 М- 230 Ж- 20);<br>11. СД „Тихо“- Миравци (Претседател М- 1, бр. на членови во УО М- 5, бр. на учесници- 35 М- 25 Ж- 10); |

| | |
|---|---|
| | 12. Мотокрос Клуб- Гевгелија (Претседател М- 1, бр. на членови во УО М- 3, бр. на учесници М- 7);<br>13. РК „Партизан 2016“- Гевгелија (Претседател М- 1, бр. на членови во УО М- 5. бр. на учесници М- 50);<br>14. ЗПСК „Кожуф“- Гевгелија (Претседател М- 1, бр. на членови во УО- 17 М- 8 Ж- 9, бр. на учесници- 107 М- 56 Ж- 51);<br>15. ЗГ Атлетски клуб „7 Ноември“- Гевгелија (Претседател М- 1, бр. на членови во УО М- 5, бр. на учесници- 2.300 и М и Ж);<br>16. Училишен спортски клуб „Владо Кантарџиев“- Гевгелија (Претседател М- 1, бр. на членови во УО- 3 М- 1 Ж- 2, бр. на ученици- 150 М- 70 Ж- 51);<br>17. Општински сојуз на учил. спорт- Гевгелија (Претседател М- 1, бр. на членови во УО- 5 М- 4 Ж- 4, бр. на учесници- 400 М- 200 Ж- 200);<br>18. „Мистик денс“- Гевгелија (Претседател М- 1, бр. на членови во УО- 5 М- 2 – Ж- 3, бр. на учесници- 350 М- 3 Ж- 347),<br>19. ПСК „Двете уши“- Гевгелија (Претседател М- 1, бр. на членови во УО- 5 М- 4 Ж- 4, бр. на учесници- 400 М- 200 Ж- 200);<br>20. ЗГ Навивачки клуб „Фантоми“- Гевгелија (Претседател М- 1, бр. на членови во УО М- 8, бр. на учесници М- 200);<br>21. ЗГ „Еко лајф“- Гевгелија (Претседател Ж- 1, бр. на членови во УО- 3 М- 1 Ж- 2, бр. на учесници- деца и млади од 6 до 14 години),<br>22. Здружение на слепи лица- Гевгелија (Претседател М- 1, бр. на членови во УО-5 М- 4 Ж- 4, бр. на учесници- 400 М- 200 Ж- 200);<br>23. ФК „Кожув“- Гевгелија (Претседател М- 1, бр. на членови во УО-5 М- 4 Ж- 4, бр. на учесници- 34 М- 29 Ж- 5);<br>24. КК „Кожув“ АД Гевгелија (Претседатели- 3 М- 2 Ж-1, бр. на членови во УО-11 М- 10 Ж- 1, бр. на учесници М- 29. |
| **3. Цел на програмата или цели и опис** | Основни цели на оваа Програма се обезбедување услови и преземање системски мерки за поддршка на спортот, односно: спортисти, спортистки, машки и женски спортски клубови, спортски сојузи и (традиционални) спортски манифестации, финансиски ќе поддржува организирање на активности за развој и унапредување на:<br>- традиционалните спортски приредби и манифестации од локален, регионален, национален и меѓународен карактер;<br>- програмите, проектите и активностите на сите заинтересирани спортски субјекти кои ќе доставаат програми и проекти за организирање на манифестации и спортски настани од особен интерес за општина Гевгелија;<br>- програмите, проектите и активностите на спортисти- аматери, учениците и ученичките во основните и средното училиште на подрачјето на општина Гевгелија;<br>- спортско- рекреативните активности на машки и женски лица со попреченост. |
| **4. Мерки (или тематска област)** | **ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ФИЗИЧКИ И ПРАВНИ ЛИЦА КОИ РЕАЛИЗИРААТ АКТИВНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА СПОРТОТ** |

| р. бр. | Апликант | Активности | одобрени средства |
|---|---|---|---|
| 1. | УСК „ Јосиф Јосифовски“- Гевгелија | 1.Клуб Јосиф Јосифовски-Гевгелија – училишен спорт (учество на ученици во фудбал, футсал, кошарка, одбојка, ракомет, пинг-понг, атлетика, Државни натпревари и натпревари во лиги во училишен спорт)<br>2. Училишни натпревари-<br>Меѓукласни натпревари во: футсал, кошарка, одбојка, ракомет, пинг-понг<br>3. Велосипедизам<br>4. Планинарење | 30.000 д. |
| 2. | ЗГ „Еко лајф“- Гевгелија | 1. Гевгелиска детска олимпијада 2024 | 20.000 д. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | КМФ „Млади Миравци“- Миравци | 1. 35. Меморијален турнир во мал фудбал КМФ- Миравци | 100.000 д. |
| 4. | АМД „Дичо Панов“- Гевгелија | 1. „Гевгелиски велотлон“ (возење off road велосипед, трчање и совладување препреки) | 100.000 д. |
| 5. | УСК „Владо Кантарџиев“- Гевгелија | 1. Училишен спорт: фудбал, футсал, кошарка, одбојка, ракомет, пинг-понг, атлетика, општински, зонски, регионални и државни натпревари во лиги во учил. спорт<br>2. Училишни натпревари – меѓуодделенски натпревари во: футсал, кошарка, одбојка, ракомет, пинг-понг<br>3. Велосипедизам<br>4. Планинарење | 20.000 д. |
| 6. | ЗГ Тениски клуб „Круна“- Гевгелија | 1. Тениски турнир „Круна Опен“<br>2. Учество на турнири по категории<br>3. Тениска школа<br>5. Изградба на монтажни трибини<br>6. Замена на оштетена заштитна ограда | 40.000 д. |
| 7. | Општински сојуз на училишен спорт- Гевгелија | 1. Училишен спорт: фудбал, футсал, кошарка, одбојка, ракомет, пинг-понг, атлетика, општински, зонски, регионални и државни натпревари во лиги во учил. спорт<br>2. Училишни натпревари – општински натпревари во: футсал, кошарка, одбојка, ракомет, пинг-понг<br>3. Велосипедизам<br>4. Планинарење | 30.000 д. |
| 8. | Ракометен клуб „Партизан- 2016 Спорт“- Гевгелија | 1. Натпреварувачка сезона во Прва машка лига 23-24 и 24-25 г.<br>2. Натпреварувачка сезона во Кадетна машка лига 23-24 г и 24-25 г. | 1.000.000 д. |
| 9. | ЗГ МК „Ретки птици ГББ“- Гевгелија | 1. Отворање на сезона 2024<br>2. Мото собир Гевгелија 2024<br>3. Едукација на деца од претшколска возраст<br>4. Одбележување на 8 Септември, Независност на Македонија | 30.000 д. |
| 10. | Тина Сламкова- Гевгелија | 1. Годишна регистрација кон ТФСМ за 2023 година<br>2. Годишна регистрација кон ITF за 2023 година<br>3. Котизација за турнири кон ТФСМ за 2023 година (зимски календар)<br>4. Котизација за турнири кон ТФСМ за 2023 година (летен календар)<br>5. Котизација за турнири кон ITF за 2023 година<br>6. Патни расходи<br>7. Расходи за сместување<br>8. Тренинзи и кондициона подготовка<br>9. Спортска опрема и реквизити | 20.000 д. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11. | Шаховски клуб „7 Ноември 2021“- Гевгелија | 1. Учество во 2. лига за сениори<br>2. Меѓународен шаховски турнир 2024<br>3. Младински државни првенства и турнири за пионери и младинци<br>4. Гранд при турнири за сениори и младинци за 2024 | 350.000 д. |
| 12. | МК „Ретки птици“- Гевгелија | 1. „Гимкана“ во чест на починати членови од МК „РП“<br>2. Учество на меѓународни мото- собири<br>3. Рели- Независност на РСМ<br>4. ФИМ Рели Италија | 40.000 д. |
| 13. | Мотокрос клуб- Гевгелија | 1. Учество на трки во Национален мотокрос шампионат и во БМУ европски мотокрос шампионат<br>2. Организирање натпревар во Национален мококрос шампионат на патеката Милци- Гевгелија | 120.000 д. |
| 14. | Здружение на риболовци, спортско-рекреативен клуб „АКВАСПОРТ“- Гевгелија | 1. Крапска дружба „Боила клуб“- лов на крап, Св. Николе<br>2. Интернационален турнир Robson cup- морски риболов од брег, Полска<br>3. Интернационален турнир Respect the sea- морски риболов од брег, Грција | 20.000 д. |
| 15. | Планинарски спортски клуб „Двете уши“- Гевгелија | 1. 6. Традиционален планинарски марш- Смрдлива Вода- Исирова пресека- Натстрешница- Врв Сува Рупа- Врв Мала Рупа<br>2. Планинарска акција- Михајлово- Врв Дудица- Караула Шаренка- Врв Порта- Врв Зелен Брег- Врв Мала Рупа- Смрдлива Вода<br>3. Планинарски предизвик: врвови на Кожуф<br>4. Планинарски акции- Годишна програма за 2024 г.<br>5. Кампување на Кожуф | 140.000 д. |
| 16. | ЗГ Атлетски клуб „7 Ноември“- Гевгелија | 1. Натпреварување во домашни и меѓународни трки<br>2. November run- трки на 5 и 10 км., детски трки и инклузивна трка | 900.000 д. |
| 17. | Кошаркарски клуб „Гевгелија“- Гевгелија | 1. Натпревари во 3. лига мажи сезона 2023/2024<br>2. Плеј офф натпревари за квалификација во 2 Лига | 750.000 д. |
| 18. | Кошаркаски клуб „Кожув АД“- Гевгелија | 1. Кошаркарско првенство- СУПЕРЛИГА сениори<br>2. Куп на С. Македонија- Сениори<br>3. Младинска лига М-18<br>4. Младинска лига М-16<br>5. Младинска лига М-14 | 9.000.000 д. |
| 19. | Карате клуб „Армор“- Гевгелија | 1. Натпреварувања во домашни и меѓународни натпревари | 10.000 д. |
| 20. | Слободанка Лозановска, Гевгелија | 1. Годишна регистрација кон МТФ за 2024 г.<br>2. Годишна регистрација кон ITF за 2024 г.<br>3. Котизација за турнири кон МТФ за 2024 г.<br>4. Котизација за турнири кон ITF за 2023 г.<br>5. Патни расходи и сместување | 20.000 д. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 6. Спортска опрема и реквизити<br>7. Приватни тренинзи во тениски клубови и академии во државата и надвор | |
| 21. | Влатко Семенаков, Гевгелија | 1. Домашни атлетски трки<br>2. Меѓународни атлетски трки | 20.000 д. |
| 22. | Тодор Анчев, Гевгелија | 1. Домашни атлетски трки<br>2. Меѓународни атлетски трки | 20.000 д. |
| 23. | Здружение на спорт и рекреација на инвалиди- Гевгелија | 1. Меѓуопштински натпревар во пинг-понг<br>2. Меѓуопштински натпревар во стрелаштво<br>3. Меѓуопштински натпревар во атлетика, фрлање копје, ѓуле и диск | 20.000 д. |
| 24. | Здружение на лица со телесен инвалидитет „Мобилност“- Гевгелија | 1. Натпревар во бочија за лица со телесен инвалидитет<br>2. Општински натпревар во ателтски дисциплини, фрлање копје, ѓуле и диск за лица со телесен инвалидитет,<br>3. Натпревар во пинг-понг за лица со телесен инвалидитет | 20.000 д. |
| 25. | Здружение на планинарски спортски клуб „Кожуф“- Гевгелија | 1. Родители и деца на Кожуф<br>2. Меморијален марш „Перо Илиевски“<br>3. Меморијал д-р Ѓорге Петков,<br>4. Меморијал Димитар Кангов – Кангата<br>5. Патронат Томе Шутов- Кротки<br>6. Планинарски акции во државата и странство согласно Програма за 2024<br>7. Инклузивно планинарење | 140.000 д. |
| 26. | Женски ракометен клуб- Гевгелија | 1. Женска супер лига<br>2. Женска кадетска лига<br>3 Куп натпревари | 1.000.000 д. |
| 27. | Спортски клуб на слепи лица „Аурора“- Гевгелија | 1. Меѓународен шаховски турнир за слепи и слабовидни лица | 20.000 д. |
| 28. | Здружение на слепи лица- Гевгелија | 1. Меѓународен шаховски турнир за слепи лица | 20.000 д. |
| 29. | Фудбалски клуб „Кожув“- Гевгелија | 1. Натпревари во 2. Македонска фудбалска лига | 5.000.000 д. |
| 30. | ЗГ Женски ракометен клуб „Ветерани Југ“- Гевгелија | 1. Тренинзи во спортска сала<br>2. Балканска лига на ветерани во Бих и Србија,<br>3. Пријателски натпревари во државата | 40.000 д. |
| 31. | Димитар Кочев, Гевгелија | 1. Традиционален пријателски фудбалски натпревар помеѓу Гевгелија и Валандово за Спасовден | 20.000 д. |
| 32. | ЗГ за танц „Мистик Денс“- Гевгелија | 1. Internacional dance competition Gevgelija 2024<br>2. Тековни активности | 250.000 д. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 3. Државно првенство за модерни танци во Скопје<br>4. Виена опен 2024, Меѓународен танцов натпревар<br>5. Салоника опен 2024, Грција<br>6. Годишен концерт на „Мистик“ | |
| 33. | Клуб за мал фудбал „Проект“-Гевгелија | 1. Натпреварување во Футсал лига при Фудбалска федерација на Македонија | 80.000 д. |
| 34. | ЗГ Навивачки клуб „Фантоми“-Гевгелија | 1. Меморијален турнир во мал фудбал „Никола Гелебешев“ | 150.000 д. |
| 35. | Пинг-понг клуб „Гевдион 2023“-Гевгелија | 1. Опремување функционален простор за тренинг и рекреативни активности<br>2. Хуманитарен турнир во пинг-понг „Гевдион 2023“ | 50.000 д. |
| 36. | ЗГ „Ангелов- 2022“- Богородица | 1. Меморијален турнир во мал фудбал „Мирче Костов“-Богородица | 40.000 д. |
| 37. | ЗГ „Чејнџмејкерс“- Гевгелија | 1. Спортско дефиле „Гевгелија на точак“ | 30.000 д. |
| 38. | ЗГ „Гевгелија точак клуб“- Гевгелија | 1. Пролетен вело натпревар „Гевгелиска пролет“<br>2. „Сите уф Серменин“ возење со велосипед<br>3. Аматерски трки со велосипед „Гевгелија се трка“ | 50.000 д. |
| 39. | ФК „Зорбас- Победа ДОО“- Мрзенци | 1. Натпревари во општинска лига | 30.000 д. |
| 40. | Дополнителни активности | | 1.260.000 д. |
| Вкупно | | | 21.000.000 д. |

- За активностите од областа на спортот кои не се опфатени со оваа програма, а ќе се појават во текот на 2024 година и се од општ интерес за општината, Советот на Општината ќе изврши дополнување на истата.

Одржувањето и изградбата на спортски објекти е предвидено во Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2024 година.

**ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ ЗА ПОДДРЖУВАЊЕ И ПОМАГАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ**

- Освен со финансиски средства, Градоначалникот и Советот на Општина Гевгелија спортските манифестации ќе ги поддржува и помага со покровителство и доделување награди, признанија и пригодни подароци.

**4.1. Индикатори:**

* за правни лица:
- број на поддржани машки и женски спортски клубови;
- број на поддржани правни лица кои реализираат активности од областа на спортот;
- број на жени и мажи во раководните органи на правните лица;
- број на жени и мажи- носители на програмските активности;

- број на жени и мажи- учесници во програмските активности.
- број на ученици и ученички вклучени во активностите на училишните спортски клубови;

* за физички лица:
- број на поддржани самостојни спортисти и спортистки.

**4.2. Носител/извршител на мерката:**
- Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;
- Одделение за финансиски прашања.

| | |
|---|---|
| **5. Очекувани резултати од мерките** | Согласно мерливите индикатори за следењето на состојбата и разделени статистички податоци, ќе се анализира дали се постигнати целите на мерките од Програмата за подобрување на положбата на жените и мажите во обласа на културата на локално ниво. И тоа:<br>- жените и нивните потреби и барања се вклучени во процесите на креирање политики, програми и буџети на локално ниво;<br>- систематско и одржливо користење на родово-одговорно буџетирање како алатка од страна на буџетските корисници на локално ниво;<br>- редовно собирање и ажурирање на родово-разделени податоци кај сите релевантни чинители;<br>- родова застапеност во рекреативни и професионални спортски активности;<br>- зголемена финансиска поддршка на локално ниво за женски спортски клубови и спортистки.<br><br>Останати очекувани резултати од мерката:<br>- развој на масовниот спорт и рекреативните активности;<br>- поголема застапеност на младите и лицата со попреченост во спортските активности и манифестации;<br>- развој на сите видови спорт на подрачјето на општина Гевгелија;<br>- развој на спортскиот туризам;<br>- квалификации на спортските клубови во лигите;<br>- унапредување на соработката помеѓу локалната самоуправа и спортските субјекти;<br>- континуирана финансиска и логистичка поддршка на спортски манифестации со цел да прераснат во традиционални. |
| **6. Ризици** | Економска и здравствена криза |
| **7. Буџет на програмата и извори на финансирање** | 21.000.000 денари од буџетската програма L0- Спорт и рекреација |
| **8. Следење и известување/евалуација** | Следењето на Програмата ќе се врши согласно доставените Наративни и финансиски извештаи на корисниците, коишто поднеле барање за исплата на одобрените средства за реализација на нивните активности.<br>Извештајот за реализација на Програмата ќе го подготви Одделението за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт и ќе го достави на усвојување од Советот на Општина Гевгелија.<br>За секоја одржана активност од Програмата во текот на годината, Општина Гевгелија ги известува граѓаните преку нејзините официјални веб- и Фејсбук-страна. |
| **9. Завршни и преодни одредби** | За реализација на Програмата надлежен е Градоначалникот на општина Гевгелија.<br>Оваа Програма влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина |

| | |
|---|---|
| | Гевгелија“. |

Бр.09-182/1
29.01.2024 г.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на ОпштинаГевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита на децата за 2023 година.**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита на децата за 2023 година.

Бр.08-70/5
31.01.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

------------------------------------------------

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 29.01.2024 година, по расправата по Извештајот за реализацијата на Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита на децата за 2023 година, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита на децата за 2023 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

Бр.09-183/1
29.01.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

-----------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита на децата за 2023 година.**

Се објавува Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита на децата за 2024 годин, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 29.01.2024 година.

Бр.08-70/6
31.01.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

Врз основа член 22 став (1) точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 11 став (1) алинеа 7 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23) и член 83 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 2/21 и 5/21), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на ден 29.01.2024 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Гевгелија во областа**
**на социјалната заштита за 2024 година**

| Наслов на програмата: Предлог-Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита за 2024 година | |
|---|---|
| Град/општина | Општина Гевгелија |
| **Сектор** (организациона единица) **надлежен за спроведување на програмата** | Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт |
| **Вид на програмата** | ☒ Хоризонтална<br>☐ Вертикална |
| **Правен основ** | ✓Законски основ:<br>- Закон за локална самоуправа; |

| | |
|---|---|
| | - Закон за социјалната заштита;<br>- Закон за заштита на децата;<br>- Закон за спречување и заштита од дискриминација;<br>- Закон за еднаквите можности на жените и мажите.<br><br>✓Обврски од Национални стратегии и други правни документи:<br>- Национална стратегија за родова рамноправност 2022 - 2026 година;<br>- Социјален план на Општина Гевгелија 2023 - 2026 година;<br>- Правилник за утврдување критеритуми, услови и постапка за доделување еднократна парична помош;<br>- Одлука за субвенционцирање на потрошувачката на основните комунални услуги;<br>- Одлуки за стипендирање студенти- жители на општина Гевгелија во прва година, запишани на Медицинските, Машинските и Електротехничките факултети во државата. |
| **1. Вовед/опис на програмата** | Согласно Законот за социјалната заштита, надлежноста на Општините од областа на социјалната заштита се реализира со Годишна програма за потребите на жените и мажите, граѓаните од областа на социјалната заштита. Во Програмата, Општината предвидува активности и финансиски средства за реализација на истите. Активностите се во насока на преземање мерки кои ќе придонесат за подобрување на условите за живот на жените и мажите- граѓани во локалната заедница, особено, на најзагрозените и социјално-исклучени жени и мажи.<br>Со Програмата за социјална заштита, Општина Гевгелија ги штити социјално-најранливите жени и мажи кои, поради неповолни лични или социјални околности, не се во можност сами да ги задоволат своите основни животни потреби. |
| **2. Процес на донесување на програмата или идентификување на точки за подобрување** | Почетната точка за донесување на Програмата е обврската на локалната самоуправа за имплементација на Законот за социјална заштита, како и спроведените анализи за социјално-ранливите категории во Социјалниот план на Општина Гевгелија 2023-2026 година, родово-разделени статистички и добиени секундарни податоци од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Гевгелија и средби на Градоначалникот со претставници за идентификување на потребите на Здруженијата на социјално- ранливи категории граѓани во рамки на креирање за Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година.<br><br>Според податоците од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија, состојбата со социјалната заштита по број на корисници во општина Гевгелија е следна:<br>- Гарантирана минимална помош за лица материјално-необезбедени, работоспособни и за лица неспособни за работа до 65 години, потврдено со наод и мислење од соодветна комисија, примаат 149 домаќинства (М- 73 и Ж-76);<br>- Паричен надоместок за помош и нега од друго лице примаат вкупно 823 корисника од кои 160 ова право го користат трајно, а 334 корисника го користат одреден период во зависност од наодот и мислењето на комисијата;<br>- Надоместок за попреченост примаат 116 корисника (М-44 и Ж-64);<br>- Надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со попреченост и најтешки облици на хронични заболувања примаат 9 домаќинства (Ж);<br>- Правото на социјална сигурност за стари лица го користат 45 корисника;<br>- Право на здравствена заштита го користат 80 лица;<br>- Паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството користат вкупно 149 домаќинства приматели на ГМП и 45 корисника на социјална сигурност;<br>- Паричен надоместок за мајка која родила 4 дете користат 4 мајки;<br>- Гарантиран детски додаток примаат 52 корисника;<br>- Посебен додаток примаат 67 корисника; |

| | |
|---|---|
| | - Родителски додаток за трето дете примаат 141 лице.<br>Според статитстичките податоци за изминатите 4 години, во ЈУМЦСР- Гевгелија пристигнале **327** поплаки за семејно насилство, од кои: **62** во 2019 година и тоа 60 од жени и 2 од мажи; **74** во 2020 година и тоа 69 од жени и 5 од мажи, **78** во 2021 година и тоа од 77 од жени и 1 од маж, **80** во 2022 година и тоа 75 од жени, 3 од мажи и 2 од деца и 33 во 2023 г, од кои 27 од жени, 4 од мажи и 2 од малолетни девојчиња.<br><br>Податоци од Општина Гевгелија:<br>- Во текот на 2023 година, во Општина Гевгелија било поднесено 161 барање за исплата на еднократна парична помош за новороденче. Согласно изготвените решенија за исплата на еднократна парична помош за новороденче, во текот на 2023 година, се родило 161 дете, од кои 80 машки и 82 женски. За прво дете, извршени се 82 исплати на еднократна парична помош во висина од по 6.000 денари, за второ 62 во висина од по 6.000 денари, за трето 14 исплати во висина од по 12.000 денари, како и по три исплати за четврто дете, во висина од по 12.000 денари.<br>- Во текот на 2023 година, до Општина Гевгелија пристигнале 172 барања за еднократна парична помош. Врз основа на поднесената документација (медицинска или потврда од надлежна институција за социјалната положба на барателот), на 161 лице, жители на општина Гевгелија, од кои, 82 мажи и 86 жени, им е исплатена еднократна парична помош. Најголем број од доставените барања се однесуваат за еднократна парична помош за лекување.<br>- Пред новогодишните празници, Општина Гевгелија традиционално за децата до 14-годишна возраст, чии родители се корисници на минимална гарантирана помош обезбедува новогодишни пакетчиња. Минатата година, согласно доставениот список од ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа, беа поделени новогодишни пакетчиња на 51 дете од социјално-ранливи категории семејства, од кои 27 момчиња и 24 девојчиња. Покрај обезбедувањето новогодишни пакетчиња за дечињата чии родители се корисници на ГМП, Општина Гевгелија обезбедува новогодишни пакетчиња и за лицата со посебни потреби во Дневниот центар за лица со посебни потреби- Гевгелија. Притоа, новогодишни пакетчиња во Дневниот центар добија 18 лица. Додека, за лицата со посебни потреби во Центарот „Мајка Тереза“- Гевгелија, Општина Гевгелија обезбеди сет прибор и материјали за спроведување на окупационите активности.<br>- Општина Гевгелија во 2023 година субвенционираше 24 лица, корисници на гарантирана минимална помош и социјална пензија, кои ја плаќаат сметката за вода што не надминува повеќе од 20 метри кубни месечно и тоа на 11 жени и 13 мажи, врз основа на доставено барање од ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија за платената фактура.<br>- Општина Гевгелија го обезбедува превозот на лица со посебни потреби кои го посетуваат Дневниот центар за лица со посебни потреби- Гевгелија. За таа цел, од општинскиот буџет беа издвоени 630.000 денари, а превозот се организираше по претходно спроведена тендерска постапка. Вкупната бројка на корисници на оваа мерка беа 18 деца, штитетници на Дневниот центар за лица со посебни потреби во Гевгелија, од кои 15 машки и 3 женски.<br>- Општина Гевгелија, со донесени Одлуки на Совет на Општина Гевгелија и врз основа на распишан Конкурси за стипендирање студенти во академските 2019/2020, 2021/2022 и 2022/2023 година, стипендира 17 студенти, запишани на Медицинските факултети (М- 2, Ж- 11) и на Машинските факултети (М- 4) во државата. Висината на стипендијата изнесува 6.000 денари месечно, за 10 месеци.<br>- Во 2023 година, на подрачјето на Општина Гевгелија е воспоставена услугата лична асистенција на лица со попреченост, чиј давател на услугата е ОО Црвен крст- Гевгелија. За таа цел, Општина Гевгелија врз основа на меѓуопштинска соработка со Општина Богданци, аплицираше на Јавниот повик објавен од Министерството за труд и социјална политика за подобрување на социјалните услуги и доби грант во висина од 7.131.336 денари. Ангажирани се 8 асистента за 13 корисника во Гевгелија и 3 асистента за 6 корисника во Богданци. Услугата се дава до крајот на јуни 2024 година.<br>- Општина Гевгелија во 2023 година ги субвенционираше режиските трошоци (електрична енергија, вода, интернет) на Заедницата на инвалидските организации во општина Гевгелија врз основа на месечните фактури доставени до Општина Гевгелија.<br>- Учениците од социјално-ранливите категории во основните училишта на подрачјето на општина Гевгелија од 1 ноември 2023 година користат бесплатен оброк. 50 ученика, чии родители се корисници на социјални услуги, по список добиен од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа- Гевгелија добиваат бесплатен оброк. |

| | |
|---|---|
| **3. Цел на програмата или цели и опис** | Со Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјална заштита се предвидуваат активностите во областа на социјалната заштита да бидат насочни кон остварување на следните приоритетни цели:<br>- обезбедување активен однос на Советот на Општина Гевгелија кон задоволување на потребите и интересите на жените и мажите во областа на социјалната заштита;<br>- подобрување на стандардот на жените и мажите;<br>- изнаоѓање форми за социјализација на маргинализирани групи;<br>- инклузија на жени и мажи - лица со посебни потреби во сферата на општественото живеење;<br>- еднакви можности на жените и мажите во остварувањето права од социјалната заштита. |

**4. Мерки (или тематска област)**

**МЕРКА 1- ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**

4.1. Активности кои треба да се преземаат за постигнување на мерката - опис на активностите, односно кои чекори ќе се преземаат за реализација на активноста:

**4.1.1. Еднократна парична помош за новородено дете**

Општина Гевгелија ќе доделува еднократна парична помош за женски и машки новородени деца во текот на 2024 година, чии родители се со постојано место на живеење на подрачјето на општина Гевгелија. Паричната помош од Општина Гевгелија изнесува 6.000,00 денари за новородено дете и 12.000,00 денари за третородено дете и секое наредно новородено дете и 20.000,00 денари за прво новородено дете во тековната годината.

Барателот е потребно со барањето за доделување на еднократна парична помош да достави:

- копија од лична карта на родителите,
- извод од матична книга на родените (за новороденчето, за трето дете-извод за сите три деца),
- копија од трансакциска сметка.

Ова право го остваруваат и родители на посвоени деца.

За прво новородено дете во тековната годината податоци доставува Општа Болница со проширена дејност Гевгелија.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Еднократна парична помош за новородено дете | - финансиски средства;<br>- бр. на поднесени барања;<br>- бр. на новородени машки и женски лица во општина Гевгелија. | - зголемен наталитет во општина Гевгелија; | јануари - декември 2024 | 800.000 ден. | - Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;<br>- Одделение за финансии | |

**4.1.2. Еднократна парична помош за социјално- загрозени лица, жени и мажи жители на општина Гевгелија**

Општина Гевгелија доделува еднократна парична помош за задоволување на потребите на лице- жена и маж или семејство кое се нашло во положба на социјална односно материјална загрозеност (невработени, примателе на гарантирана минимална помош и социјална пензија), на физички лица за лекување во државата и во странство, а кои не се во можност финансиски да ги покријат трошоците за лекување, за смртен случај во семејства кои не се во можност финансиски да ги покријат трошоците за истиот и жртви на семејно насилство.

Еднократната парична помош се доделува еднаш годишно.

Составен дел на барањето за еднократна парична помош (во зависност од барањето) е:

- копија од важечка лична карта на барателот;
- медицинска документација со која барателот располага не постара од 6 месеци;
- потврда од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија (приматели на гарантирана минимална помош и социјална пензија;
- потврда од Центар за вработување Гевгелија (невработени);
- потврда од Фонд за пензиско и инвалидско осигурување дека не се приматели на пензија;
- потврда од Основен суд Гевгелија за изречена привремена мерка на сторителот (жртви на семејно насилство);
- извод од матична книга на умрените (во рок од 3 месеца од смртниот случај).

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Еднократна парична помош за социјално-загрозени лица, жени и мажи жители на општина Гевгелија | - финансиски средства;<br>- бр. на поднесени барања од жени и мажи по категории;<br>- бр. на жени и мажи кои го оствариле правото. | - подобрување /олеснување на положбата на жените и мажите од ранливи категории, жители на општина Гевгелија; | јануари - декември 2024 | 800.000 ден | - Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;<br>- Одделение за финансиски прашања;<br>- Комисија за доделување парична помош. | |

**4.1.3 Субвенционирање на потрошувачката на основните комунални услуги**

Оваа активност се однесува на жени и мажи- лица кои се корисници на гарантирана минимална помош, корисници на социјална пензија и лица со попреченост, жители на општина Гевгелија.

Корисникот го остварува надоместокот по основ на субвенција на дел од месечната сметка за комунални услуги - испорака на вода за пиење, издадена од давателот на услуга - ЈПКД „Комуналец"- Гевгелија, доколку:

- остварува право на гарантирана минимална помош или социјална пензија;
- е лице со попреченост;
- редовно ги плаќа сметките за потрошената вода;
- потрошувачката на вода не надминува повеќе од 20 м3 месечно.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Субвенционирање на потрошувачката на основните комунални услуги | - финансиски средства;<br>- бр. на поднесени барања од жени и мажи;<br>- бр. на машки и женски лица во општина Гевгелија на кои им е субвенционирана потрошувачката на основните комунални услуги. | - подобрување /олеснување на положбата на жените и мажите примателите на ГМП и социјална пензија во општина Гевгелија | јануари - декември 2024 | 150.000 ден. | - Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;<br>- Одделение за финансиски прашања;<br>- ЈПКД „Комуналец" Гевгелија. | |

**4.1.4. Парична помош за училишна екскурзија за ученици од III година во средното општинско училиште**

Оваа активност е предвидена за редовни ученици од III година во СОУ „Јосиф Јосифовски" Гевгелија, а ќе се

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Обезбедување новогодишни пакетчиња за девојчиња и момчиња- деца чии родители се корисници на гарантирана минимална помош и девојки и момци- лица кои го посетуваат Дневниот центар за лица со посебни потреби | - финансиски средства;<br>- бр. на кои девојчиња и момчиња- деца кои го оствариле правото | - еднакви можности на сите деца | декември 2024 | 60.000 ден. | - Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;<br>- Одделение за финансиски прашања; | |

реализира врз основа на доставен список од училиштето.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Парична помош за училишна екскурзија за | - финансиски средства;<br>- бр. на ученици и ученички кои го | - еднакви можности на сите | април – јуни 2024 | 80.000 ден. | - Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ученици од III година во средното општинско училиште | оствариле правото | деца | | | култура и спорт;<br>- Одделение за финансиски прашања. | |

**4.1.5. Обезбедување новогодишни пакетчиња за девојчиња и момчиња- деца чии родители се корисници на гарантирана минимална помош и девојки и момци- лица кои го посетуваат Дневниот центар за лица со посебни потреби**

Оваа активност е предвидена за девојчиња и момчиња- деца, чии родители се корисници на гарантирана минимална помош и се жители на општина Гевгелија и девојчиња и момчиња кои го посетуваат Дневниот центар за лица со посебни потреби.

Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа - Гевгелија, на барање од Општината, ќе достави список на лица кои можат да го остварат ова право.

**4.1.6. Доделување „Велигденски пакет“**

Лицата кои се корисници на правото на гарантирана минимална помош, жители на општина Гевгелија, имаат право на велигденски пакет.

Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа - Гевгелија, на барање од Општината, ќе достави список на лица кои можат да го остварат ова право.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Доделување „Велигденски пакет“ | - финансиски средства;<br>- бр. на жени и мажи кои го оствариле правото | - помош на ранливи категории | април- мај 2024 | 30.000 ден. | - Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;<br>- Одделение за финансиски прашања. | |

**4.1.7. Обезбедување бесплатна храна во основните општински училиштата**

Бесплатна храна ќе се обезбеди за ученици во основните општински училишта, чии родители се корисници на гарантирана минимална помош и се жители на општина.

Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа - Гевгелија, на барање од Општината, ќе достави список на ученици кои можат да го остварат ова право.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Обезбедување | - финансиски | - еднакви | јануари- јуни и | 600.000 | - Одделение за | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| бесплатна храна во основните општински училиштата | средства;<br>- бр. на ученици и ученички кои го оствариле правото | можности на сите деца | септември-декември 2024 | ден. | социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;<br>- Одделение за финансиски прашања; | |

**4.1.8. Доделување стипендии на студенти**

Општина Гевгелија ќе доделува стипендии на студенти запишани на Медицинските факултети- отсек општа медицина и Машинските и Електротехничките факултети во РСМ.

Право на стипендија имаат редовни студенти кои се жители на општина Гевгелија и кои се запишани на прв циклус студии.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Доделување стипендии на студенти | - финансиски средства;<br>- бр. на студенти и студентки кои го оствариле правото | - поттикнување на младите да се запишуваат на факултети кои се со дефицит на студенти | јануари-декември 2024 | 600.000 ден. | - Одделение за образование;<br>- Одделение за финансиски прашања. | |

**МЕРКА 2- ПОМОШ НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ**

4.2. Активности кои треба да се преземаат за постигнување на мерката - опис на активностите, односно кои чекори ќе се преземаат за реализација на активноста:

**4.2.1. Еднократна парична помош за родители на деца со попреченост**

Општина Гевгелија доделува еднократна парична помош за родители на деца со попреченост.

Еднократната парична помош се доделува еднаш годишно.

Составен дел на барањето за еднократна парична помош е:
- копија од важечка лична карта на барателот;
- копија од трансакциска сметка на барателот;
- наод и мислење од надлежна комисија.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Еднократна парична помош за | - финансиски средства;<br>- бр. на | - подобрување /олеснување на положбата на | јануари - декември 2024 | 60.000 ден. | - Одделение за социјална, здравствена, детска | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| родители на деца со попреченост | поднесени барања од жени и мажи;<br>- бр. на жени и мажи кои го оствариле правото. | жените и мажите родители на деца со посебни потреби; | | | и други заштити, култура и спорт;<br>- Одделение за финансиски прашања;<br>- Комисија за доделување парична помош. | |

**4.2.2. Набавка на помагала за лица со попреченост**

Општина Гевгелија ќе донира помагала на жени и мажи - лица со попреченост, со цел да им се помогне во извршување на нивните дневни активности и задоволување на нивните лични егзистенционални потреби.

Оваа активност ќе се спроведе во соработка и по препорака од Зрдужението „Мобилност“, Здружението на слепи лица, Здужението на глуви и наглуви лица од Гевгелија и Здружение центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Порака Гевгелија.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Набавка на помагала за лица со попреченост | - финансиски средства;<br>- бр. на жени и мажи со попреченост кои добиле помагало | - подобрување /олеснување на извршувањето на секојдневните потреби на жените и мажите со попреченост | јануари - декември 2024 | 150.000 ден. | - Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;<br>- Одделение за финансиски прашања; | |

**4.2.3. Обезбедување бесплатен превоз за лица со попреченост**

Оваа активност опфаќа бесплатен превоз на штитениците на Дневниот центар за лица со посебни потреби од нивните домови до Центарот и обратно, како и на сите други лица- жени и мажи со попреченост заради олеснување при извршување на нивните секојдневни обврски и подобрување на нивниот социјален живот и вклучување во општеството. Право након користење на превозот имаат и нивните придружници.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Обезбедување бесплатен превоз за лица со попреченост | - финансиски средства;<br>- бр. на жени и мажи со попреченост кои | - подобрување /олеснување на извршувањето на секојдневните потреби на жените и | јануари - декември 2024 | 300.000 ден. | - Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | го искористиле правото | мажите со попреченост, и подобрување на нивниот социјален живот и вклучување во општеството | | | култура и спорт;<br>- Одделение за финансиски прашања. | |

**4.2.4. Покривање на режиските трошоци и трошоци за сервисирање и регистрација на возило на Заедницата на инвалидски организации Гевгелија**

Оваа активност опфаќа покривање на трошоците за електрична енергија, вода и интернет, за завршна сметка за 2023, како и трошоци за сервисирање и регистрација на возило на Заедницата на инвалидски организации Гевгелија. Активноста ќе се реализира врз основа на фактури доставени од заедницата.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Покривање на режиските трошоци и трошоци за сервисирање и регистрација на возило на Заедницата на инвалидски организации Гевгелија | - финансиски средства | - подобрување /олеснување на финансиската положба на заедницата и помош за нејзино непречено функционирање | јануари - декември 2024 | 100.000 ден. | - Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;<br>- Одделение за финансиски прашања. | |

**4.2.5. Превентивни активности, едукација и третирање на проблеми во вербалната комуникација**

Оваа активност ќе се реализира во ЈОУ Работнички универзитет „Кирил и Методија“ Гевгелија, а опфаќа превентивни активности, едукација и третирање проблеми во вербалната комуникација кај деца, девојчиња и момчиња, односно групна, индивидуална и окупациска терапија за отстранување на говорните оштетувања кај децата.

Пријавувањето на децата кои имаат потреба од логопед, е врз основа на јавен повик кој го објавува Општината, услугата е бесплатна за корисниците.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Превентивни активности, едукација и третирање на проблеми во вербалната комуникација | - финансиски средства;<br>- бр. на девојчиња и момчиња кои ја користат услугата | - подобрување на вербалната комуникација кај деца, отстранување на говорните општетувања кај децата | јануари - декември 2024 | 250.000 ден. | - Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;<br>- Одделение за финансиски прашања. | |

**МЕРКА 3- РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ**

4.3. Активности кои треба да се преземаат за постигнување на мерката - опис на активностите, односно кои чекори ќе се преземаат за реализација на активноста:

**4.3.1. Имплементација на проектот „Развој на социјалните услуги- Лична асистенција“**

Општините Гевгелија и Богданци ќе продолжат со имплементација на проектот „Развој на социјалните услуги- Лична асистенција“ како дел од Проектот за подобрување на социјалните услуги што го спроведува Министерството за труд и социјална политика со поддршка на Светска банка.

Со личната асистенција директно се помага на жените и мажите- лица со попреченост во извршување на нивните дневни активности и задоволување на нивните лични егзистенционални потреби. Давател на услугата лична асистенција е Црвен крст на РСМ- Општинска организација Гевгелија.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Имплементација на проектот „Развој на социјалните услуги- Лична асистенција“ | - финансиски средства;<br>- бр. на жени и мажи кои го оствариле правото | - подобрување /олеснување на положбата на жените и мажите со попреченост | јануари - декември 2024 | 20.000 ден | - Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;<br>- Одделение за финансиски прашања; | |

**4.3.2. Имплементација на проекти на Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување (Општинско-корисна работа)**

Општина Гевгелија спроведува проект во рамки на програмата Општинско- корисна работа, која има за цел да овозможи

социјално вклучување на невработени лица преку нивно ангажирање на определено скратено работно време, заради стекнување на одредени вештини и постепено вклучување на пазар на труд.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Имплементација на проекти на Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување (Општинско-корисна работа) | - финансиски средства;<br>- бр. на жени и мажи вклучени во проектот | - вклучување на невработени лица на пазарот на трудот | јануари - декември 2024 | 20.000 ден. | - Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;<br>- Одделение за финансиски прашања; | |

| | |
|---|---|
| **5. Ризици** | Економска и здравствена криза |
| **6. Буџет на програмата и извори на финансирање** | **4.020.000**<br>Активностите предвидени во Програмата ќе се финансираат од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година, како и со средства од:<br>-Министерство за труд и социјална политика;<br>-УНДП;<br>-Здруженија, фондации и други заинтересирани лица;<br>-Други извори. |
| **7. Следење и известување/евалуација** | За резултатите од следењето и реализацијата на активностите од Програмата ќе се подготви Годишен извештај, за којшто ќе биде одговорен раководителот на Одделението, а ќе го подготви во соработка со членовите на интерсекторската група и доставените податоци од релевантните институции. Годишниот извештај го усвојува Советот на Општината и ќе биде објавено во Службениот гласник. Исто така, во соработка со ИТ службата ќе се промовираат мерките и резултатите на веб-страната и социјалните мрежи. |
| **8. Завршни и преодни одредби** | За реализација на Програмата, надлежен е Градоначалникот на општина Гевгелија.<br>Програмата влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Гевгелија“. |

Бр.09-184/1
29.01.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општината Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2023 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2023 година

Бр.08-204/8
31.01.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамндов с.р.**

-----------------------------------------------------------

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 29.01.2024 година, по расправата по Извештајот за реализацијата на Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2023 година, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

1**.**Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2023 година.
2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″**.**

Бр.09-185/1
29.01.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општината Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за активностите на Општина Гевгелија**
**во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2024 година**

Се објавува Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2024 година, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 29.01.2024 година.

Бр.08-204/9
31.01.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---------------------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 14 став (1) и став (2) од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.53/21) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 2/21 и 5/21), Советот на Општина Гевгелија, на седница одржана на ден 29.01.2024 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Гевгелија**
**во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2024 година**

| | |
|---|---|
| Наслов на програмата: Предлог-Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2024 година | |
| Град/општина | Општина Гевгелија |
| **Сектор** (организациона единица) **надлежен за спроведување на** | Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт |

| | |
|---|---|
| **програмата** | |
| **Вид на програмата** | ☒ Хоризонтална<br>☐ Вертикална |
| **Правен основ** | ✓Законски основи:<br>- Закон за еднакви можности на жените и мажите;<br>- Закон за локална самоуправа;<br>- Закон за спречување и заштита од дискриминација.<br>✓Обврски од Национални стратегии и други правни документи:<br>- Статут на Општина Гевгелија;<br>- Национална стратегија за родова рамноправност 2022 - 2026 година. |
| **1. Вовед/опис на програмата** | - Врз основа на член 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Гевгелија има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во: политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и која било друга област од општествениот живот. Единиците на локалната самоуправа се должни во рамките на своите стратешки планови и буџети да го инкорпорираат принципот на еднакви можности на жените и мажите, да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите и да известуваат во рамките на своите годишни извештаи и да учествуваат во подготвувањето на Стратегијата за еднакви можности на жените и мажите во делот кој се однесува на единиците на локалната самоуправа. |
| **2. Процес на донесување на програмата или идентификување точки за подобрување** | Почетната точка за носење на Програмата е обврската на Општина Гевгелија за имплементација на Законот за еднакви можности на жените и мажите и активности од Националната стратегија за еднакви можности на жените и мажите 2022 - 2027 г., како и анализите од спроведените анкети во 2023 година за прибирање и иницијативи и идеи за подготовка на Програмата и прибирање секундарни податоци од релевантни институции и истражувања.<br>**Резултати од онлајн-прашалник**<br>Проблем од областа социјална заштита е потреба од услуги за поддршка на жени и девојки изложени на насилство вклучително и семејно насилство (45,9%);<br>Проблеми во област здравство се: 30,6 помош на пациенти со специјални потреби (30,6%) и превентивни активности за заштита на здравјето (30,6%);<br>Проблем во област спорт е потреба од изградба, одржување, обновување и прилагодување на објекти и терени за спортски и рекреативни активности (42,4%).<br>Предлози на испитаниците надвор од поставените прашања се: организирање трибини и работилници и за членовите на Советот за подобро запознавање на родовото буџетирање и креирање на политики од родов аспект; поголема социјална заштита да им се дава на жените од типот на прифатилишта како жртви од семејно насилство и предвиденост на поголем број мерки за нивна заштита, како на пр.: предност при вработување, намалување на цените во продавници за оваа категорија на лица и давање на услуги со намалени цени, како |

што е плаќање на месечен надомест за градинка за нивните деца и сл., безбедност и заштита (правна, институционална, физичка); отворање бесплатни центри за обука за млади; одобрување фонд за мали бизниси од уметнички, спортски и креативни области.

**Резултати од испитаните локални институции и граѓански организаци**

Проблем од областа социјална заштита се услуги за поддршка на жени и девојки изложени на насилство вклучително и семејно насилство (5 испитаника);

Проблеми во област здравство е преземање превентивни активности за заштита на здравјето (3 испитаника);

Проблем во област спорт е потреба од изградба, одржување, обновување и прилагодување објекти и терени за спортски и рекреативни активности (7 испитаника).

Предлози на испитаниците надвор од поставените прашања се: поддршка за жените со инвалидност, поддршка на жени- жртви на семејно насилство, подршка за самохрани жени и потреба за психолошка и педагошка едукација на жените, потреба од локални капацитети и механизми за потребите на ранливи категории на лица.

**Резултати од теренски прашалник**

Предлози на испитаниците надвор од поставените прашања се: едукација за финансиска независност на жените; шелтер куќа за жртви на семејно насилство; можност за користење на спортски терени и едукација за превентивни активности за заштита на здравје; Општината треба да работи на идентификување на клучните проблеми кои предизивикуваат родова нееднаквост и така се детектираат соодветно на автентичните состојби, можности и потреби.

**Според статитстичките податоци за изминатите 4 години, во ЈУМЦСР- Гевгелија** пристигнале **294** поплаки за семејно насилство, од кои: **62** во 2019 година и тоа 60 од жени и 2 од мажи; **74** во 2020 година и тоа 69 од жени и 5 од мажи, **78** во 2021 година и тоа од 77 од жени и 1 од маж, **80** во 2022 година и тоа 75 од жени, 3 од мажи и 2 од деца, **33** во 2023 година и тоа од 27 жени, и 4 мажи и 2 малолетни лица-девојчиња. Процесирани се 20 случаи- односно против 20 сторители – мажи се изречени привремени мерки за заштита на жртвите.

За активностите поврзани со мерката подигање на свеста за машкото и женското здравје земена е предвид Сторијата „Во дел од градовите во Југоисточна Македонија- нема уролози, а има незнаење за машкото здравје“, во којашто е разработен проблемот за машкото здравје- недостигот од кампањи за ракот на простата како актуелна болест на 21 в. и зголемениот број на заболени мажи од од рак на простата. (https://lokalaktiv.mk/2023/12/07/%d0%b2%d0%be-%d0%b4%d0%b5%d0%bb-%d0%be%d0%b4-%d0%b3%d1%80%d0%b0%d0%b4%d0%be%d0%b2%d0%b8%d1%82%d0%b5-%d1%98%d1%83%d0%b3%d0%be%d0%b8%d1%81%d1%82%d0%be%d1%87%d0%bd%d0%b0-%d0%bc%d0%b0%d0%ba%d0%b5%d0%b4/)

Исто така, за Нацрт- верзијата на Предлог- Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2024 година, беше организирана средба со претставници на

релевантни институции и НВО-организации за дефинирање на мерките и активностите, одржана на ........ 2024 година, коишто Општина Гевгелија ќе ги имплементира во тековната година за еднаква положба на жените и мажите на локално ниво.

**Статистика за учество на жените во донесување одлуки на сите нивоа во политичкиот и јавниот живот:**

Во Општина Гевгелија, градоначалник е маж. Додека, Советот на Општина Гевгелија е составен од 19 члена, од кои 7 жени и 12 мажи. Претседателот на Советот на Општина Гевгелија е маж.
Структурата на жени и мажи во постојаните и повремените комисии на Советот на Општина Гевгелија е следнава:

- Комисија за статут и прописи – 5 члена, од кои 2 жени и 3 мажи, а претседател е маж;
- Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина – 5 члена, од кои 1 жена и 4 мажи, а претседател е маж;
- Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој – 5 члена, од кои 4 жени и 1 маж, а претседател е маж;
- Комисија за образование, култура и спорт – 5 члена, од кои 3 жени и 2 мажи, а претседател е жена;
- Комисија за здравствена и социјална заштита и заштита на жената – 5 члена, од кои 3 жени и 2 мажи, а претседател е жена;
- Комисија за функционирање на системот на локалната самоуправа – 5 члена, од кои 3 жени и 2 мажи, а претсетдател е жена;
- Комисија за еднакви можности на жените и мажите – 5 члена, од кои 1 жена и 4 мажи, а претседател е жена;
- Комисија за прашања, избори и именувања – 5 члена, од кои 2 жени и 3 мажи, а претседател е маж;
- Комисија за односи меѓу заедниците – 5 члена и сите се мажи и
- Општинска комисија за процена на штети од елементарни непогоди – 5 члена, од кои 2 жени и 3 мажи, а претседател е маж.

Структурата на жени и мажи во општинската администрација е следнава:
- секретар на Општина Гевгелија – 1 жена;
- раководители на Сектори во Општина Гевгелија – 2, од кои 1 е жена и 1 е маж;
- раководители на Одделенија во Општина Гевгелија – 10, од кои 6 се жени и 4 мажи;

- бројот на вработени во општинска администрација изнесува 84, од кои 36 се жени, а 48 мажи.

Структурата на жени и мажи именувани за раководни лица на институциите основани од Општина Гевгелија е следнава:

- директори на образовни институции – 6, од кои 4 се жени, а 2 се мажи;
- директори на културни институции – 4, од кои 2 се жени, а 2 се мажи;
- директори на установи за деца – 1 жена и
- директор на ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија – 1 маж.

Структура на жени и мажи именувани во органите на управување на институциите основнани од Општина Гевгелија е следнава:

- ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија – 5, од кои 2 се жени и 3 мажи, а претседател на УО е маж;
- ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија – 5, од кои 4 се жени и 1 маж; а претседател на УО е жена;
- ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“- Гевгелија – 5, од кои 2 се жени и 3 се мажи, а претседател на УО е жена;
- ЈОУ Работнички универзитет „Кирил и Методија“- Гевгелија – 3, од кои 1 жена и 2 мажи, а претседател на УО е маж;
- ЈОУ Детска градинка „Детска радост“- Гевгелија – 7, од кои 5 се жени и 2 мажи, а претседател на УО е маж;
- ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија – 4, од кои 2 се жени и 2 се мажи, а претседател на УО е жена.

Структурата на жени и мажи вработени во институциите основани од Општина Гевгелија е следнава:

- ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија – 69, од кои 60 се жени и 9 мажи;
- ООУ „Крсте Мисирков“- Гевгелија – 67, од кои 50 се жени и 17 мажи;
- ООУ „Ристо Шуклев“- Негорци – 31, од кои 25 се жени, а 6 мажи;
- ООУ „Климент Охридски“- Миравци – 33, од кои 24 се жени и 9 се мажи;
- ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија – 3, од кои 2 се жени и 1 маж;
- ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија – 5, од кои 4 се жени и 1 маж;
- ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“- Гевгелија – 3, од кои 1 е жена, а 2 се мажи;

| | |
|---|---|
| | - ЈОУ Детска градинка „Детска радост“- Гевгелија – 117, од кои 104 жени и 13 мажи;<br>- ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија – 173, од кои 20 жени и 153 мажи. |
| **3. Цел на програмата или цели и опис** | Локалната власт, преку своите надлежности и преку координација со многубројни локални фактори, презема конкретни акции во корист на еднаквоста на жените и мажите со цел намалување на нееднаквостите, промовирање и градење на реална локална заедница и општество во кои еднаквоста ќе биде пракса, преку постигнување на следниве цели:<br>- инкорпорирање на принципот еднакви можности на жените и мажите во работењето на ЕЛС;<br>- зајакнување на свеста кај жените и девојките за препознавање на насилството врз жените и семејното насилство, како и различните форми на насилството врз жените и семејното насилство и нивно пријавување;<br>- унапредување на соработката помеѓу надлежните институции при постапување во случаи на насилството врз жените и семејното насилство;<br>- подигање на јавната свест за женското и машкото здравје;<br>- промоција на женското претприемништво и поттикнување за негово растење и развој;<br>- сузбивање на стереотипите дека жената може да биде претприемач и да преземе деловен потфат. |
| **4. Мерки (или тематска област)** | **Мерка 1 - ВОВЕДУВАЊЕ ВО ПРАКСА ИНКОРПОРИРАЊЕ НА ПРИНЦИПОТ ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ЕЛС**<br><br>4.1.1. Активности кои ќе се преземаат за постигнување на мерката и опис на активностите односно кои чекори ќе се преземаат за реализација на активноста:<br><br>**- Подготовка на Локална стратегија за еднакви можности на жените и мажите 2024 - 2027 г. и Акционен план за еднакви можности на жените и мажите 2024 - 2027 година.**<br><br>Општина Гевгелија нема Локална стратегија за еднакви можности на жените и мажите. Во периодот од 2018 - 2022 година, Општина Гевгелија од актите имаше Акционен план за ЕМЖМ. За таа цел, во текот на 2024 година, ќе се преземаат активности за подготовка на Локална стратегија и Акционен план за ЕМЖМ со важност од 2024 до 2027 год. Односно, ќе се формираат работни групи, ќе се направи мапирање на потребите на жените и мажите во општина Гевгелија преку анкетирање и SWOT анализа со помош на општинските институции и НВО- секторот.<br>Како и со поддршка од стручен консултант, а резултатите ќе бидат прикажани во Стратегијата, врз чија основа ќе се креираат мерки и активности согласно Националната стратегија за родова рамноправност. |

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Подготовка на Локална стратегија и Акционен план за еднакви можности на жените и | - човечки ресурси;<br>- просторија;<br>- харија, ИТ-уреди;<br>- бр. на вклучени институции;<br>- бр. на анкетирани жени и мажи, девојчиња и | - унапредени капацитетите за РОБ;<br>- потребите на жените и мажите се вклучени во процесите на | јануари-септември 2024 г. | 50.000 д. | - координатор и заменик-координатор за еднакви можности,<br>- Комисија за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Гевгелија,<br>- локални институции | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| мажите 2024 - 2027 г. | момчиња;<br>- бр. на вклучени жени и мажи, девојчиња и момчиња во подготовката на Стратегијата;<br>- подготвена Стратегија. | креирање политики, програми и буџети на локално ниво;<br>- еднаква застапеност на обата пола во подготовката на Стратегијата. | | | (ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, Одделение за внатрешни работи - Полициска станица- Гевгелија, Основен суд- Гевгелија, Јавно обвинителество- Гевгелија)<br>- НВО- сектор;<br>- стручен консултант. | |

**МЕРКА 2- ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЖЕНИ И ДЕВОЈЧИЊА- ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО**

4.2.1 Активности кои треба да се преземаат за постигнување на мерката - опис на активностите, односно кои чекори ќе се преземаат за реализација на активноста:

**- Еднократна парична помош на жени и девојчиња - жртви на насилство.**

Во Општина Гевгелија расте бројот на жени- жртви на семејно насилство врз жените. Врз основа на статистичките податоци добиени од ЈУ МЦСР- Гевгелија, споредбено- во 2022 година биле пријавени 75 случаи на семејно насилство врз жени, додека во 2023- Знаејќи дека жртвата е таа која најчесто го напушта домот, а не сторителот, Општина Гевгелија ќе додели еднократна парична помош во висина од 6.000 ден.

Постапката за доделување на парична помош се поведува со поднесување писмено барање до Архивата на Општина Гевгелија. Со поднесување на барањето, подносителот потпишува изјава за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош. За остварување на правото на еднократна парична помош за жени- жртви на семејно насилство, барателот со барањето ја поднесува следната документација:

- копија од важечка лична карта на барателот;
- копија од трансакциска сметка на барателот;
- документ за изречени привремени мерки од страна на Основен суд- Гевгелија.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Еднократна парична помош на жени и девојчиња- жртви на насилство | - финансиски средства;<br>- бр. на пријавени случаи на семејно насилство врз жени;<br>бр. на жени- | - воспоставена специфична мерка за ранливи категории жени и девојки;<br>- препознавање и пријавување на насилството. | јануари – декември 2024 г. | бр. на поднесени барања x – 6.000 ден. | - координатор и заменик- координатор за еднакви можности на жените и мажите;<br>- Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;<br>- Комисија за | Средствата ќе бидат исплатени од Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита за 2024 год.- Д0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | жртви на семејно насилство. | | | | доделување еднократна пар. помош;<br>- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа;<br>- Одделение за финансии. | Градоначалник |

**МЕРКА 3- ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ , ПРИЈАВУВАЊЕ ВРЗ ЖЕНИ И ДЕВОЈЧИЊА**

4.4.1 Активности кои треба да се преземаат за постигнување на мерката - опис на активностите, односно кои чекори ќе се преземаат за реализација на активноста:

**- Дебата со ученици во СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија за семејно насилство врз жени и девојчиња.**

Во текот на 16-дневниот активизам за борба против насилство врз жени и девојчиња, Општина Гевгелија во СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија ќе организира јавна дебата на тема „Семејно насилство врз жени и девојчиња". За таа цел, ќе биде вклучен и дебатниот клуб при Регионалниот центар за одржлив развој- Гевгелија. Имено, на победниците на јавната дебата ќе им биде доделена парична награда.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Дебата со ученици во СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија за семејно насилство врз жени и девојчиња | - просторија;<br>- финансиски средства;<br>- бр. на вклучени жени и мажи во организацијата;<br>- бр. на ученици и ученички дебатери;<br>- бр. на пријавени случаи на насилство врз девојчиња. | - нулта толеранција за насилство. | ноември – декември 2024 г. | 20.000 д. | - координатор и заменик- координатор за еднакви можности на жените и мажите;<br>- Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;<br>- Комисија за доделување еднократна пар. помош;<br>- Одделение за финансии. | |

**МЕРКА 4- ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО**

4.5.1 Активности кои треба да се преземаат за постигнување на мерката - опис на активностите, односно

кои чекори ќе се преземаат за реализација на активноста:

**- Одржување состаноци и учество на работилници на Мултисекторскиот тим за заштита од насилство врз жени и семејно насилство.**

Многу важен аспект во справувањето со насилството врз жените и семејното насилство е координираниот, мултисекторски пристап кон интегриран пакет неопходни услуги за жените изложени на насилство. Мултисекторските тимови за ефикасна заштита на жените и девојките изложени на насилство и истите служат како пример за добри практики за интегриран пристап до неопходните општи и специјализирани услуги за поддршка и зголемување на ефикасноста при решавање на случаите на насилство врз жени и семејно насилство.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| - Одржување состаноци и учество на работилници на Мултисекторскиот тим за заштита од насилство врз жени и семејно насилство. | - просторија;<br>- финансиски средства;<br>- број на членови (жени и мажи) во МТЗ Гевгелија;<br>- број на вклучени институции во МТЗ;<br>- број на процесирани случаи на насилство врз жени и девојки и семејно насилство. | - унапреден институционален одговор за превенција и заштита од родово- базирано насилство. | јануари – декември 2024 г. | 30.000 д. | - координатор и заменик-координатор за еднакви можности на жените и мажите;<br>- Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;<br>- Комисија за доделување еднократна пар. помош;<br>- Одделение за финансии. | |

**МЕРКА 5- ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА ЗА ЖЕНСКОТО И МАШКОТО ЗДРАВЈЕ**

Активности кои треба да се преземаат за постигнување на мерката - опис на активностите, односно кои чекори ќе се преземаат за реализација на активноста:

4.6.1.- **Јавна трибина за Месецот на женското здравје;**

4.6.1.1.- **Јавна трибина за Месецот на женското здравје**.

Ширум општина Гевгелија, има отсуство на видливи локални кампањи за подигање на јавната свест за женското и машкото здравје, за рана детекција, но и превенција на карциномот на дојката и простата. За таа цел, Општина Гевгелија, во соработка со ЈЗУ Општа болница со проширена дејност- Гевгелија, ќе ги одбележи Октомври- Месецот на женското здравје и Ноември- Месецот на машкото здравје со одржување јавни трибини со учество на стручни лица.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| - Јавна трибина за Месецот на женското здравје;<br><br>- Јавна трибина за Месецот на машкото здравје. | - просторија;<br>- човечки ресурси;<br>- финансиски средства;<br>- број на присутни жени на трибината;<br>- број на присутни мажи на трибината. | - зголемен опфат на жени и мажи со превентивни прегледи за рано откривање на карциномот на дојката и простата, како и други малигни заболувања. | октомври 2024 г.<br><br>ноември 2024 г. | 30.000 д. | - координатор и заменик-координатор за еднакви можности на жените и мажите;<br>- ЈЗУ Општа болница со проширена дејност- Гевгелија. | |

**МЕРКА 6- ПРОМОЦИЈА И ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО**

4.7.1 Активности кои треба да се преземаат за постигнување на мерката - опис на активностите, односно кои чекори ќе се преземаат за реализација на активноста:

**- Видеа- поткасти со успешни приказни на жени претприемачки од општина Гевгелија.**

Општина Гевгелија ќе продуцира видеа со жени претриемачки од општина Гевгелија, со наративи за промоција на можностите за жените претприемачи, поттикнување на економското учество на жените, промовирање на ставови за жените и нивното позитивно светло во бизнисот. За таа цел, Општина Гевгелија ќе ангажира жени кои започнале свој бизнис и камерман за снимање на видеата, коишто, по изработка, ќе бидат поставени на интернет ресурсите како примери за добри практики во женското претприемништво- односно да споделат информации како останатите жени можат да започнат деловен потфат и на кој начин можат да дојдат до финансиски средства за отпочнување бизнис.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Видеа- поткасти со успешни приказни на жени- претприемачки од општина Гевгелија | - просторија;<br>- човечки ресурси;<br>- финансиски средства;<br>- број на учеснички во видеата;<br>- број на нови жени претприемачки. | - поддршка и промоција на женското претприемништво на локално ниво;<br>- поттикнување на жените за вклучување на пазарот на трудот со сопствен бизнис. | јуни 2024 година | 20.000 д. | - координатор и заменик-координатор,<br>- Комора на занаетчии. | |

**5. Очекувани резултати од мерките**

Согласно мерливите индикатори за следењето на состојбата и разделени статистички подакоци, ќе се анализира дали се постигнати целите на мерките во програмата за подобрување на положбата на жените и мажите на локално ниво. И тоа:

- унапредени капацитетите за РОБ;

| | |
|---|---|
| | - потребите на жените и мажите се вклучени во процесите на креирање политики, програми и буџети на локално ниво;<br>- еднаква застапеност на обата пола во подготовката на Стратегијата;<br>- воспоставена специфична мерка за ранливи категории жени и девојки;<br>- препознавање и пријавување на насилството;<br>- нулта толеранција за насилство;<br>- еднаков пристап до финансиска поддршка од Општина Гевгелија;<br>- унапреден институционален одговор за превенција и заштита од родово- базирано насилство;<br>- зголемен опфат на жени и мажи со превентивни прегледи за рано откривање на карциномот на дојката и простата, како и други малигни заболувања;<br>- поддршка и промоција на женското претприемништво на локално ниво;<br>- статистичко следење за претприемничката активност на жените, за да се добие вистинската слика за женското претприемништво. |
| **6. Ризици** | Економска и здравствена криза. |
| **7. Буџет на програмата и извори на финансирање** | - 150.000 денари од буџетската програма Х1- Родова еднаквост;<br>- зависно од поднесените барања за еднократна парична помош на жртви на семејно насилство- буџетска програма D0- Градоначалник. |
| **8. Следење и известување/ евалуација** | Извршувањето на Програмата ќе го следат координаторот и заменик-координаторот за ЕМЖМ во Општина Гевгелија. Мониторингот ќе се врши согласно препораката за користење на матрицата за следење програми од UN Women Скопје, којашто ќе се ажурира двапати годишно, а за тоа ќе бидат одговорни координаторот и заменик- координаторот. Податоците за индикаторите ќе се добиваат преку евиденција за учество на жени и мажи во активностите, како и број на поднесени барања и број на корисници на мерките согласно подготвените решенија. Исто така, ќе се користат и секундарни податоци, коишто се потребни за мерките од другите релевантни институции.<br>Притоа, ќе биде подготвен и Годишниот извештај, којшто ќе уследи на усвојување на Советот на Општина Гевгелија, а ќе биде објавен во службеното гласило. Покрај објавувањето во службеното гласило, во соработка со ИТ- службата ќе се промовираат активностите и резултатите на веб-страната на Општина Гевгелија и социјалните мрежи, со коишто располага Општина Гевгелија. |
| **9. Завршни и преодни одредби** | За реализација на Програмата, надлежен е Градоначалникот на општина Гевгелија.<br>Програмата влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Гевгелија“. |

бр.09-186/1
29.01.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општината Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија за 2023 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија за 2023 година, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 29.01.2024 година.

Бр.08-204/10
31.01.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамндов с.р.**

-----------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 29.01.2024 година, по расправата по Предлог-Извештајот за работата на Локалниот младински совет во Општина Гевгелија за 2023 година, го донесе следното

**ЗАКЛУЧОК**

1**.**Се усвојува Извештајот за работата на Локалниот младински совет во Општина Гевгелија за 2023 година.
2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″**.**

Бр.09-187/1
29.01.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

-----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општината Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за работа на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија за 2024 година**

Се објавува Програмата за работа на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија за 2024 година, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 29.01.2024 година.

Бр.08-204/11
31.01.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-----------------------------------------------------------------

Врз основа на Законот за младинско учество и младински политики член 3 став 3 ("Службен весник на РСМ" бр.10/2020) и Статутот на Општина Гевгелија член 76-ѓ („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21, 05/21), на предлог на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, Градоначалникот на Општина Гевгелија и службеникот за млади во Општина Гевгелија, Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 29.01.2024 год., донесе:

## ПРОГРАМА
**за работа на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија и службеникот за млади во делокругот на млади за 2024 година**

| | |
|---|---|
| Наслов на програмата: Програма за работа на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија за 2024 година | |
| Град/општина | Општина Гевгелија |
| **Сектор** (организациона единица) **надлежен за спроведување на програмата** | Одделение за социјална, здравствена, дестка и други заштити, култура и спорт |
| **Вид на програмата** | ☒ Хоризонтална<br>☐ Вертикална |

| | |
|---|---|
| **Правен основ** | ✓Законски обврски<br>- Закон за младинско учество и младински политики;<br>- Закон за локална самоуправа;<br>- Закон за еднакви можности на жените и мажите;<br>- Закон за спречување и заштита од дискриминација.<br><br>✓Обврски од национални Стратегии:<br>- Национална стратегија за млади 2023 – 2027 година;<br>- Прирачник за работа на Локални младински совети;<br>- Прирачник за работа на службениците за млади. |
| **1. Вовед/опис на програмата** | Согласно Законот за младинско учество и младински политики, формираниот Локалниот младински совет носи Програма за работа за наредната година, преку која со активности ќе учествува во градењето на локални политики за подобрување на статусот и од интерес на младите момци и девојки на возраст од 15 до 29 години во општината. Креирањето на Програмата е во согласност со новата Национална стратегија за млади 2023 - 2027, а прилагодена со активности за извршување на потребите и интересите на младите девојки и момци, жени и мажи на локално ниво.<br>Со Програмата, освен работењето на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, се уредува и работењето на Општина Гевгелија и на именуваниот службеник за млади во делокругот млади согласно законските обврски. |
| **2. Процес на донесување на програмата или идентификување на точки за подобрување** | **2.1.** Програмата е креирана со помош на службеникот за млади во Општина Гевгелија и е усвоена на 8 седница на ЛМС, одржана на 15 јануари 2024 година. Во подготовката, согласно новата Национална стратегија за млади 2023 – 2027 година, учествуваа членовите на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, во чија структура учествуваат 3 девојки и 2 момци. За работатата на Локалниот младински совет, исто така, е спроведена анализа за мапирање на потребите на младите во СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, односно анкетирани се 144 ученика од 1., 2., 3. и 4. година. Активностите за работата на службеникот за млади во Општина Гевгелија се во согласност со прирачникот за работа на службениците за млади подготвен од Коалиција СЕГА. Додека, во Програмата се повторуваат и активностите на Општина Гевгелија во областа млади, коишто се предвидуваат и во другите Програми за работа на локалната самоуправа. |

**2.2. Анализа на состојбата**

Според Попис, 2021 г.:

**Вкупно резидентно население според поединечни години на возраст и пол**

| Гевгелија | Пол – Вк. | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| **Возраст – ВК.** | 3241 | 1652 | 1589 |
| **15** | 197 | 101 | 96 |
| **16** | 197 | 108 | 89 |
| **17** | 199 | 100 | 99 |
| **18** | 238 | 121 | 117 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **19** | 178 | 85 | 93 |
| **20** | 202 | 98 | 104 |
| **21** | 226 | 130 | 96 |
| **22** | 201 | 107 | 94 |
| **23** | 207 | 93 | 114 |
| **24** | 214 | 106 | 108 |
| **25** | 227 | 113 | 114 |
| **26** | 235 | 123 | 112 |
| **27** | 255 | 128 | 127 |
| **28** | 240 | 124 | 116 |
| **29** | 225 | 115 | 110 |

**Вкупно резидентно население на возраст од 15+ години според писменост и пол**

| Гевгелија | Писменост – ВК. | | | Писмен | | | Неписмен | | | Непознато | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВК. | М | Ж | ВК. | М | Ж | ВК. | М | Ж | ВК. | М | Ж |
| **Возрасна група – ВК.** | 3241 | 1652 | 1589 | 3153 | 1611 | 1542 | 5 | 2 | 3 | 83 | 44 | 39 |
| **15-19** | 1 009 | 515 | 494 | 1 000 | 508 | 492 | - | - | - | 9 | 7 | 2 |
| **20-24** | 1 050 | 534 | 516 | 1 025 | 524 | 501 | 2 | 1 | 1 | 23 | 9 | 14 |
| **25-29** | 1 182 | 603 | 579 | 1 128 | 579 | 549 | 3 | 1 | 2 | 51 | 23 | 28 |

**Вкупно резидентно население на возраст од 15+ години според највисок степен на образование, пол, возраст**

| Гевгелија | Највисок степен на школска подготовка – ВК. | Без образование | Незавршено основно образование | Основно образование | Средно образование | Високо образование | Магистратура | Докторат | Непознато |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Мажи | Мажи | Мажи | Мажи | Мажи | Мажи | Мажи | Мажи |
| **Возрасна група – ВК.** | 1652 | 6 | 4 | 404 | 1001 | 178 | 20 | 0 | 39 |
| **15-19** | 515 | 1 | 4 | 383 | 120 | - | - | - | 7 |
| **20-24** | 534 | 3 | - | 7 | 474 | 39 | 2 | - | 9 |
| **25-29** | 603 | 2 | - | 14 | 407 | 139 | 18 | - | 23 |

| Гевгелија | Највисок степен на школска подготовка | Без образование | Незавршено основно образование | Основно образование | Средно образование | Високо образование | Магистратура | Докторат | Непознато |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Жени | Жени | Жени | Жени | Жени | Жени | Жени | Жени | Жени |
| **Возрасна група** | 1589 | 1 | 8 | 366 | 806 | 320 | 44 | 0 | 44 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **15-19** | 494 | - | 6 | 350 | 136 | - | - | - | 2 |
| **20-24** | 516 | - | 1 | 8 | 414 | 75 | 4 | - | 14 |
| **25-29** | 579 | 1 | 1 | 8 | 256 | 245 | 40 | - | 28 |

**Вкупно работоспособно население на возраст од 15 и повеќе според возраст, пол и економската активност**

| **Гевгелија** | **Раб. нас. - ВК.** | | | **Акт. население - ВК.** | | | **Акт. население - враб.** | | | **Акт. население - невраб.** | | | **Вк. неакт. население** | | | **Непознато** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ВК.** | **М** | **Ж** | **ВК.** | **М** | **Ж** | **ВК.** | **М** | **Ж** | **ВК.** | **М** | **Ж** | **ВК.** | **М** | **Ж** | **ВК.** | **М** | **Ж** |
| **Возрасна група** | 3241 | 1652 | 1589 | 1721 | 914 | 807 | 1387 | 726 | 661 | 334 | 188 | 146 | 1486 | 722 | 764 | 34 | 16 | 18 |
| **15-19** | 1 009 | 515 | 494 | 103 | 60 | 43 | 54 | 32 | 22 | 49 | 28 | 21 | 890 | 447 | 443 | 16 | 8 | 8 |
| **20-24** | 1 050 | 534 | 516 | 616 | 341 | 275 | 482 | 266 | 216 | 134 | 75 | 59 | 428 | 190 | 238 | 6 | 3 | 3 |
| **25-29** | 1 182 | 603 | 579 | 1 002 | 513 | 489 | 851 | 428 | 423 | 151 | 85 | 66 | 168 | 85 | 83 | 12 | 5 | 7 |

**Невработени лица на возраст од 15 години и повеќе лица според највисокиот степен на школска подготовка, пол и возраст**

| **Гевг.** | **Највисок степен на школ. подготовка – ВК.** | | | **Без образ.** | | | **Незавр. осн. образ.** | | | **ОО** | | | **СО** | | | **ВО** | | | **М-Р** | | | **Д-Р** | | | **Непоз.** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ВК.** | **М** | **Ж** | **ВЌ.** | **М** | **Ж** | **ВК.** | **М** | **Ж** | **ВК.** | **М** | **Ж** | **ВК.** | **М** | **Ж** | **ВК.** | **М** | **Ж** | **ВК.** | **М** | **Ж** | **ВК.** | **М** | **Ж** | **ВК.** | **М** | **Ж** |
| **Возр. група - ВК.** | 334 | 188 | 146 | 1 | 1 | - | 2 | 1 | 1 | 26 | 14 | 12 | 237 | 151 | 86 | 56 | 18 | 38 | 12 | 4 | 8 | - | - | - | - | - | - |
| **15-19** | 49 | 28 | 21 | - | - | - | - | - | - | 13 | 6 | 7 | 36 | 22 | 14 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **20-24** | 134 | 75 | 59 | - | - | - | 1 | - | 1 | 7 | 4 | 3 | 108 | 66 | 42 | 16 | 5 | 11 | 2 | - | 2 | - | - | - | - | - | - |
| **25-29** | 151 | 85 | 66 | 1 | 1 | - | 1 | - | 1 | 6 | 4 | 2 | 93 | 63 | 30 | 40 | 13 | 27 | 10 | 4 | 6 | - | - | - | - | - | - |

**Активно население на возраст од 15 години и повеќе по занимања, пол**

| **Гевгелија** | **ВК.** | | | **15-19** | | | **20-24** | | | **25-29** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ВК.** | **М** | **Ж** | **ВК.** | **М** | **Ж** | **ВК.** | **М** | **Ж** | **ВК.** | **М** | **Ж** |
| **Вработени според занимање – ВК.** | 9 064 | 4 787 | 4 277 | 54 | 32 | 22 | 482 | 266 | 216 | 851 | 428 | 423 |

**Вкупно резидентно население според статусот на попреченост по возрасни групи и пол**

| **Гевгелија** | **Статус на попреченост- ВК.** | | | **Да** | | | **Не** | | | **Не се изјаснил** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ВК.** | **М** | **Ж** | **ВК.** | **М** | **Ж** | **ВК.** | **М** | **Ж** | **ВК.** | **М** | **Ж** |
| **15-65** | 14 266 | 7 272 | 6 994 | 490 | 250 | 240 | 13 008 | 6 611 | 6 397 | 23 | 11 | 12 |

**Вкупно резидентно население според видот на попреченоста, групи на возраст и пол**

| **Гевгелија** | **Вид попреченост- ВКУПНО** | | | **Со движењето** | | | **Со видот** | | | **Со слухот** | | | **Со комуникацијата** | | | **Други потешкотии** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Пол - ВК.** | **М** | **Ж** | **Пол - ВК.** | **М** | **Ж** | **Пол - ВК.** | **М** | **Ж** | **Пол - ВК.** | **М** | **Ж** | **Пол - ВК,** | **М** | **Ж** | **Пол - ВК.** | **М** | **Ж** |
| **15-65** | 490 | 250 | 240 | 178 | 91 | 87 | 54 | 22 | 32 | 26 | 9 | 17 | 34 | 20 | 14 | 198 | 108 | 90 |

Според спроведениот Попис во 2021 година, вкупната бројка на младо резидентно население во Општина Гевгелија изнесува 3241 лице, од кои 1652 се мажи, а 1583 жени. Според возраста на лицата од 15 до 29 години, најбројни се лицата на возраст од 27 години, чија бројка изнесува 255 лица, од кои 128 мажи и 127 жени. Од вкупно попишаните млади лица, 3153 се изјасниле дека се писмени, од кои 1611 мажи и 1542 жени, а најбројна е категоријата на млади, на возраст од 25 до 29 години. Според степенот на образование, преовладува бројот на лицата со завршено средно образование, од кои 1001 маж и 806 жени, а најбројна е категоријата на возраст од 15 до 19 години- 1807 лица. Бројот на млади кои учат средно образование, изнесува 831 лица. Според статистичките податоци од Пописот, најголем број од младите се невработени лица на возраст од 25 до 29 години, а според степенот на школската подготовка се лицата со завршено средно образование, на возраст од 20 до 24 години.

**Вкупен број ученици во СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија за учебната 2023 / 2024 година**

| вид на образование | образовен профил/ подрачје/ насока | пол | I година (ученици по наставен јазик и пол) | | | | II година (ученици по наставен јазик и пол) | | | | III година (ученици по наставен јазик и пол) | | | | IV година (ученици по наставен јазик и пол) | | | | ВКУПНО (ученици по наставен јазик и пол) I-IV | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | мак.ј. | алб.ј | тур.ј | вк. | макј. | алб.ј | тур.ј | вк. | мак.ј. | алб.ј | тур.ј | вк. | мак.ј | алб.ј | тур.ј | вк. | мак.ј. | алб.ј. | тур. ј. | вк. |
| гимназиско | | ж | 56 | | | 56 | 33 | | | 33 | | | | 0 | | | | 0 | 89 | 0 | 0 | 89 |
| | | вк. | 87 | | | 87 | 48 | | | 48 | | | | 0 | | | | 0 | 135 | 0 | 0 | 135 |
| Гимназиско | ПМА | ж | | | | 0 | | | | 0 | 8 | | | 8 | 6 | | | 6 | 14 | 0 | 0 | 14 |
| | | вк. | | | | 0 | | | | 0 | 12 | | | 12 | 24 | | | 24 | 36 | 0 | 0 | 36 |
| гимназиско | ПМБ | ж | | | | 0 | | | | 0 | 17 | | | 17 | 14 | | | 14 | 31 | 0 | 0 | 31 |
| | | вк. | | | | 0 | | | | 0 | 33 | | | 33 | 23 | | | 23 | 56 | 0 | 0 | 56 |
| гимназиско | ОХА | ж | | | | 0 | | | | 0 | 5 | | | 5 | 8 | | | 8 | 13 | 0 | 0 | 13 |
| | | вк. | | | | 0 | | | | 0 | 10 | | | 10 | 8 | | | 8 | 18 | 0 | 0 | 18 |
| гимназиско | ОХБ | ж | | | | 0 | | | | 0 | 0 | | | 0 | 12 | | | 12 | 12 | 0 | 0 | 12 |
| | | вк. | | | | 0 | | | | 0 | 0 | | | 0 | 17 | | | 17 | 17 | 0 | 0 | 17 |
| стручно | економски техничар | ж | 10 | | | 10 | 5 | | | 5 | 27 | | | 27 | 15 | | | 15 | 57 | 0 | 0 | 57 |
| | | вк. | 14 | | | 14 | 9 | | | 9 | 37 | | | 37 | 20 | | | 20 | 80 | 0 | 0 | 80 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| стручно | машински техничар за моторни возила | ж | 2 | | | 2 | 0 | | | 0 | 0 | | | 0 | 0 | | | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 |
| | | вк. | 23 | | | 23 | 14 | | | 14 | 22 | | | 22 | 21 | | | 21 | 80 | 0 | 0 | 80 |
| стручно | автомеха-ничар | ж | 0 | | | 0 | 0 | | | 0 | | | | 0 | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | вк. | 9 | | | 9 | 4 | | | 4 | | | | 0 | | | | 0 | 13 | 0 | 0 | 13 |
| стручно | ХТТ | ж | 17 | | | 17 | 11 | | | 11 | 15 | | | 15 | 19 | | | 19 | 62 | 0 | 0 | 62 |
| | | вк. | 23 | | | 23 | 25 | | | 25 | 23 | | | 23 | 27 | | | 27 | 98 | 0 | 0 | 98 |
| стручно | готвач | ж | 9 | | | 9 | 0 | | | 0 | 2 | | | 2 | | | | 0 | 11 | 0 | 0 | 11 |
| | | вк. | 13 | | | 13 | 6 | | | 6 | 10 | | | 10 | | | | 0 | 29 | 0 | 0 | 29 |
| стручно | келнер | ж | 1 | | | 1 | 2 | | | 2 | 1 | | | 1 | | | | 0 | 4 | 0 | 0 | 4 |
| | | вк. | 6 | | | 6 | 10 | | | 10 | 3 | | | 3 | | | | 0 | 19 | 0 | 0 | 19 |
| стручно | гинеколо-шко - акушерска сестра | ж | 10 | | | 10 | 10 | | | 10 | 16 | | | 16 | | | | 0 | 36 | 0 | 0 | 36 |
| | | вк. | 11 | | | 11 | 10 | | | 10 | 16 | | | 16 | | | | 0 | 37 | 0 | 0 | 37 |
| стручно | физиотера-певтски техничар | ж | 3 | | | 3 | 2 | | | 2 | 4 | | | 4 | | | | 0 | 9 | 0 | 0 | 9 |
| | | вк. | 7 | | | 7 | 4 | | | 4 | 8 | | | 8 | | | | 0 | 19 | 0 | 0 | 19 |
| стручно | бизнис админи-стратор | ж | 9 | | | 9 | 7 | | | 7 | 0 | | | 0 | 0 | | | 0 | 16 | 0 | 0 | 16 |
| | | вк. | 11 | | | 11 | 16 | | | 16 | 0 | | | 0 | 0 | | | 0 | 27 | 0 | 0 | 27 |
| ВКУПНО | | ж | 117 | | | 117 | 70 | | | 70 | 95 | | | 95 | 74 | | | 74 | 356 | 0 | 0 | 356 |
| | | вк. | 204 | | | 204 | 146 | | | 146 | 174 | | | 174 | 140 | | | 140 | 664 | 0 | 0 | 664 |

Според податоците од Одделението за образование во Општина Гевгелија, во СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, во учебната 2023/2024 година се запишале 204 ученика во прва година средно образование. Од нив, 87 се определиле за гимназиско образование, 14 за стручен профил- економски техничар, 23 за машински техничар за моторни возила, 9 за автомеханичари, 23 на хотело-туристичка струка, 13 за готвачи, 6 за келнери, 11 за гинеколошко- акушерска сестра, 7 за физиотерапевтски техничар и 11 за бизнис администратор. Вкупниот број ученици од 1., 2., 3. и 4. година во СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија за учебната 2023/2024 година изнесува 664. Последните години, бројот на запишани ученици во прва година во СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија бележи паѓање заради запишувањето на многу млади во средните училишта од соседните општини или поголемите градови коишто имаат различни образовни профили од СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија.

**Резултати од електорнската анкета спроведена во СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија**

Анкетирани се вкупно 144 ученика, од кои 73 женски и 71 машко.

| **Возраст** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **години** | **15** | **16** | **17** | **18** | **19** | **одговориле** |
| Ж | 27 | 17 | 22 | 7 | | 73 |
| М | 24 | 21 | 10 | 15 | 1 | 71 |
| **вкупно** | **51** | **38** | **32** | **22** | **1** | **144** |

| **Во која година од вашето образование сте?** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пол** | **прва** | **втора** | **трета** | **четврта** | |
| Ж | 26 | 17 | 23 | 7 | 73 |
| М | 22 | 23 | 9 | 17 | 71 |
| **Вкупно** | **48** | **48** | **32** | **24** | **144** |

| **На кој смер сте моментално запишани** | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **пол** | **Гинеколошко - акушерска** | **Готварска** | **Економско-правна и трговска** | **Келнер** | **Машински техничар** | **ОХ-А** | **ОХ-Б** | **ПМ-А** | **ПМ-А** | **ПМ-Б** | **Физио-терапија** | **ХТТ** | **одгово-риле** |
| Ж | 1 | 0 | 16 | 1 | 1 | 11 | 2 | 4 | 9 | 17 | 1 | 10 | 73 |
| М | 0 | 3 | 8 | 4 | 26 | 4 | 1 | 3 | 11 | 7 | 2 | 2 | 71 |
| **вкупно** | **1** | **3** | **24** | **5** | **27** | **15** | **3** | **7** | **20** | **24** | **3** | **12** | **144** |

| **Пол** | **Дали сте заинтересирани за учество во трибини, работилници, истражувања, настани и др... во организација на ЛМС, согласно со вашите сфери на интересирање?** |
|---|---|
| **Ж** | **73** |
| Да | 52 |
| Не | 21 |
| **М** | **71** |
| Да | 31 |
| Не | 40 |
| **вкупно** | **144** |

| **Какви активности сакаш ТИ ДА ВИДИШ во Гевгелија, а иницирани од ЛМС?** | |
|---|---|
| **Ж** | **М** |
| ne znam | arhiteltura |
| Neznam | Bilo sto od polijna za interes |

| | |
|---|---|
| Neznam | da se odrzat rabotilnici na razlicni temi so cel da se nasocat mladite kon nesto sho sakaat |
| Saem na knigi | esport евент |
| Sportski | Festival |
| Sportski aktivnosti | ima se |
| Volonterstvo | K |
| активности | MMA |
| Активности во природа | Ne sakum se e super |
| активности кои ги опфаќаат сите интереси на младите | ne znam |
| Активности поврзани со книги | Neznam |
| Архитектура и градежништво | Neznam |
| Би сакала да видам и учествувам на активности во врска со професионална ориентација, како и професионален развој. | Neznam sto znaci lms |
| Било какви | nikakvi |
| Велосепски патеки | Odbojka |
| Групни прошетки | poveke koncerti |
| Да има повеќе заинтересираност за спортски активности(одбојка) | Poveke tribini za mladite. |
| Добротворни | Povekje sportaki aktivnosti |
| Едукативни работилници и активности во кои младите ке можат слободно да си го искажат своето мислење но и да можат да научат и видат нешто што досега го немало во нашата општина. | Sport |
| забавни | sportska |
| Иницирање на постапки за унапредување на спортскиот живот на младите | Sportski |
| ќе размислам | Sportski |
| Литература | Sportski aktivnosti |
| Музички | Trka su tricikli |
| Не знам | Turniri |
| Не знам | Znacajni |
| Не знам што прави ЛМС. | Активности поврзани со безбедност на граѓаните |
| Не ми текнува во моментот. | етничко и верско чистење |
| Незнам | Картинг |
| немам предлог за нови активности. | Музички концерти |
| Отворени дебати и дискусии за Македонија, нашата историја, и актуелни македонски теми. | Не знам |
| Пливање | Не сакам, како што одговорив погоре |
| Пливање, куглање, лизгање на лед | Нез |
| Повеќе | Незнам |
| Повеќе да се развива туризмот | ништо |

| | |
|---|---|
| Повеќе дружби со средношколците | Повеке активности,натпревари |
| Повеќе концерти | Повеќе музички и културни концерти и настани |
| повеќе одржување на натпревари | Повеќе спортски активности |
| поврзано со здравство | Секакви |
| Поголема соработка меѓу младите | Скара Фест |
| Поеќе натпревари за поезија | Спортски |
| Практични активности, интересни организирани дејствувања | Спортски и музички активности |
| Практични активности. | Спортски натпревари |
| Работилници за млади | Трки |
| Работилници,проекти,настани и сл. | Турнир во кик бокс |
| Саем на книги | Турнир во фудбал за добротворни цели |
| Секакви | Филм на отворено |
| Сите активности иницирани од ЛМС | |
| Спортски активности | |
| спортски активности, дебати.. | |
| Уметнички активности | |
| **Вкупно** | **144** |

| |
|---|
| **Што според тебе недостига во Гевгелија?** |
| **Ж** |
| dm |
| Festivali |
| kino |
| Kino |
| Kino,mall |
| Kulturen centar |
| Mal broj na ziteli |
| Mesto za mladi |
| Ne znam |
| neznam |
| pa ne znam |
| Plivanje |
| Poveke sportski aktivnosti |
| rejvovi i kino |
| Se |
| Trgovski centar |
| Активно вклучување на младите на локално ниво и вон наставни интересни и едукативни настани за млади. |
| активности за младите со кој што ќе се забавуваат. |

| | |
|---|---|
| Активности и настани кои го потстикнуваат креативното и иновативното размислување на младите, настани каде може да учествуваат талентирани уметници,иноватори,бизнисмени,... со нивни идеи и каде би имало важни луѓе од македонското општество кои би им помогнале во остварување и развивање на нивните амбиции. | |
| Базен | |
| Во Гевгелија недостига слога, меѓусебно почитување и помагање помеѓу луѓето. | |
| Дом за стари лица и посебни простории каде што младите можат да се собираат за реализација на многу проекти и настани. | |
| Занимации (концерти, паркови) | |
| кино | |
| Кино, трговски центар, зеленило и паркови. | |
| Кино,убаво уреден парк | |
| клубови | |
| Клубови во училиштето, кафес што имаат мачки, малови, метро, вазент | |
| Култура во луѓето | |
| Култура на понашање, едукација, морални и етички науки. Хигиена. | |
| Културен центар | |
| Мал број луѓе | |
| Мал број на жители | |
| Места каде што ќе можат младите да се дружат и забавуваат | |
| Не знам | |
| Не знам | |
| недостигаат многу работи | |
| незнам | |
| Ништо | |
| Ништо се е супер | |
| Одбојкарски клуб | |
| Одбојкарски тим | |
| Организирање на повеќе ученички активности од областа на ЛМС | |
| Паркови | |
| Паркови за деца, интересни настани за граѓаните | |
| Патеки за Точоци | |
| Пливање | |
| Повеќе активности | |
| Повеќе активности за млади | |
| Повеќе заангажираност на младите | |
| Повеќе места за излегување на млади | |
| Повеќе места за младите да се дружат | |
| Поголем број на спортски активности, кино | |
| поголема ангажирана активност на младите во општеството | |
| Поголема библиотека | |

| | |
|---|---|
| Подобри активности за во слободното време | |
| подобри услови | |
| Се | |
| Според мене недостига туризмот | |
| Според мене ништо. | |
| Според мене ништо. Ми се допаѓа. | |
| Уште едно средно училиште | |
| **M** | |
| 24/7 fast food | |
| Bazen | |
| Bazen / Kino | |
| Bazen,Kino sala | |
| Bazent, Kino | |
| Biblioteki | |
| coffe shop | |
| Dekoracija | |
| Dobar fakultet, poveke vonucilisni aktivnosti i globalno poveke aktivnost od mladite za pomos na nivnata idnina, a ne samo na opstestvoto okolu nas i humanitarni aktivnosti. Da bide mladinata i nivnata edukacija na broj 1, ne opstestvoto okolu nas | |
| Higiena | |
| kino | |
| Mall | |
| Megdonalc | |
| neznam | |
| Nisto | |
| Nisto ne nedostiga | |
| Nisto ne nedostiga se e ekstra | |
| Opsto poveke rabotilnici I aktivnosti | |
| pari | |
| Poveke parkova , igralista i skate park | |
| Se | |
| Sportot ne e dovolno razvien | |
| sportski aktivnosti | |
| Базен | |
| Базен кино | |
| базент кино | |
| Велосипедски патеки, скејт, кино, аркејд, аквариум, зоолошка, паркови, музеи, куглање, билјард, метро | |
| Во гевгелија недостига многу работи кои ние немаме доволни услови | |
| Во Гевгелија недостига повеќе активности за младите. | |

| |
|---|
| Да са намалат цените на храната |
| Картинг |
| Картинг трки |
| кино |
| Кино, Базен, Поголеми плати,... |
| Кино,базент и др |
| Културен живот |
| Лизгалиште |
| Музички концерти |
| Не знам |
| Ништо |
| Пари |
| Повеке настани како што се концерти и спортски активности |
| Повеќе работни места |
| Повеќе спортски и музички активности и факултет. |
| Повеќе Спортски настани |
| Подобри паркови,Молл каде што ќе може да се се забавува секој |
| Продавница за здрава храна |
| Се |
| Се има |
| Семафори |
| Спортот во Гевгелија не е доволно организиран, недостигаат смерови во средното образование. |
| Спортот како што беше во годините 2012/2013 |
| Трговски центар, салон за автомобили и некој голем парк |

| **Дали после завршувањето на средното образование или факултетот, планираш да останеш во Македонија или планираш да се отселиш во странство?** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **пол** | **Ќе останам во Македонија** | **Ќе размислам** | **Ќе се отселам во странство** | **Не знам** | |
| Ж | 13 | 29 | 17 | 14 | 73 |
| М | 22 | 29 | 12 | 8 | 71 |
| **Вкупно** | **35** | **58** | **29** | **22** | **144** |

**Локален младински совет**

**Мерка 4.1. Младинско учество**

Младинското учество претставува процес кој им овозможува на младите учество и заедничко носење на одлуки за политики и програми кои директно или индиректно го обликуваат животот на младите. Потребата од вградување на младинската перспектива во процесите на креирање и донесување на политики е од фундаментално значење за зајакнување на демократијата, поттикнување на активното граѓанство и градење на инклузивно општество. Иако Законот за младинско учество и младински политики дава можности и насоки за широко и систематско вклучување на младите, сепак младите сè уште се соочуваат со низа предизвици за активно вклучување во општествените процеси.

**4.1.1. Седници на Локален младински совет**

Локалниот младински совет својата работа ја врши преку редовни седници. Бројот на седници кои треба да се одржат во текот на една година може да биде утврден во Статутот на локалната самоуправа или во Деловникот за работа на ЛМС. Доколку овој број не е утврден, препорака е да се одржуваат средбите најмалку еднаш месечно, односно да се одржат 12 седници во текот на една година. Покрај овие редовни седници, може да се одржуваат и вонредни седници како и неформални состаноци.

4.1.1.1. временска рамка: јануари – декември 2024 г.

4.1.1.2. Индикатори по активности:
- човечки ресурси;
- финансиски средства;
- просторија;
- ИТ- уред;
- канцелариски материјали;
- број на членови на Локален младински совет (девојки и момци);
- број на одржани седници.

4.1.1.3. Буџет по активности: 10.000 ден.

4.1.1.4. Носител/извршител на активноста: Локален младински совет и службеник за млади

**4.1.2. Формални и неформални средби со млади за прибирање иницијативи и предлози, промоција на Локален младински совет и учества на јавни настани од други чинители**

Со цел стекнување доверба, поддршка и авторитет членовите на ЛМС мора постојано да бидат во комуникација со сите влијателни чинители – и младите и институциите. Ова подразбира дека е неопходно да се промовира улогата на ЛМС пред младите, но и пред локалните институции. Локалниот младински совет на Општината може да организира различни видови јавни настани за потребите на младите и за потребите на самиот Локален младински совет, како на пример: јавни дебати и дискусии; консултативни средби; тркалезни маси; други заеднички акции и консултации со младите. Пред да се започне со организација на настан, треба да се утврди која е целта – дали преку тој настан се цели да се слушнат мислењата на младите, да се консултираат ставови или пак да се презентира работата на ЛМС. Настаните треба да се организираат во соработка со Општината. Тие треба да бидат информирани за настаните, да отстапат простор, да имаат свој учесник или да дадат

свои препораки за одржување на настанот. Настаните може да бидат организирани и од други чинители (како на пример од Општината, младинските организации, училиштата итн.), а ЛМС да има
свој претставник. Во тие случаи, претставникот на ЛМС треба да биде координиран со членовите на ЛМС и со Општината во однос на учеството.

4.1.2.1. временска рамка: јануари – декември 2024 г.

4.1.2.2. Индикатори по активности:
- човечки ресурси;
- финансиски средства;
- просторија;
- ИТ- уред;
- канцелариски материјали;
- промотивни материјали;
- број на членови на Локален младински совет (девојки и момци);
- број на девојки и момци учесници на настаните.

4.1.2.3. Буџет по активности: 100.544 ден.

4.1.2.4. Носител/извршител на активноста: Локален младински совет, службеник за млади, НВО-и

**4.1.3. Предлагање иницијативи до Градоначалникот и Совет на Општина од областа на млади**

Откако членовите на ЛМС ги идентификувале потребите на младите и нивните мислења и е изграден став за тоа што може да се преземе, тоа треба да го преточи во препорака за одредена политика кон Општината. Впрочем, главната улога на ЛМС е да ги претставува потребите на младите пред носителите на одлуки во институциите преку застапување. Процесот на институционално застапување може да биде:

- неформален преку состаноци и средби со градоначалникот/чката, претседателот/ката на Совет, советниците или администрацијата во Општината;
- формален преку поднесување писмени предлози и иницијативи адресирани до Советот на општината или до градоначалникот/чката. Во зависност од типот на проблемите, решенијата може да бидат во надлежност на градоначалникот/чката и администрацијата во Општината или пак на Советот на Општината. Поради ваквиот комплексен систем на работа на Општината, потребно е ЛМС да биде во постојан контакт со службеникот/чката за млади и да доставува предлози до Општината. Потребно е да бидат земени предвид различните предизвици и потреби на младите мажи и жени што ќе бидат адресирани до Општината.

4.1.3.1. временска рамка: јануари – декември 2024 г.

4.1.3.2. Индикатори по активности:
- човечки ресурси;
- финансиски средства;
- просторија,
- ИТ- уред,
- канцелариски материјали;
- број на членови на Локален младински совет (девојки и момци);
- број на поднесени иницијативи.

4.1.3.3. Буџет по активности: 10.000 ден.

4.1.3.4. Носител/извршител на активноста: Локален младински совет, службеник за млади, Градоналник на Општина, Совет на Општина Гевгелија

**4.1.4. Вмрежување на ЛМС на ОГ и соработка со ЛМС-и на други Општини**

Вмрежувањето помеѓу ЛМС-и е неопходно за секоја младинска политика. Младинските политики и младинското учество секогаш опфаќаат повеќе сектори и повеќе области, па заради полесна координација, размена на информации, директно определување на надлежност и одговорност за младинските политики, неопходно е службениците за млади да соработуваат и да се вмрежуваат секојдневно во својата работа. Вмрежувањето и соработката помеѓу ЛМС на ОГ и ЛМС-и на другите општини ќе се регулира со Меморандум.

4.1.1.1. временска рамка: јануари – декември 2024 г.

4.1.1.2. Индикатори по активности:
- човечки ресурси;
- финансиски средства;
- ИТ- уред;
- канцелариски материјали;
- број на членови на Локален младински совет (девојки и момци);
- број на склучени Меморандуми за соработка на ЛМС-и.

4.1.1.3. Буџет по активности: 50.000 ден.

**Мерка 4.2. Здравје**

Светската здравствена организација (СЗО) го дефинира здравјето како „состојба на целосна физичка, психичка и социјална благосостојба, а не само отсуство на болест и немоќ". Ваквиот холистички пристап на дефинирање на здравјето ја дава базата врз која што сите млади можат да работат на остварување на сопствениот потенцијал. Модерното живеење предизвикува низа на потешкотии за младите луѓе, од кои дел се поврзани со менталното здравје, зависностите од супстанции и одржувањето на здрави животни навики. Овие потешкотии покрај од здравствен аспект, се проткаени со предизвици во достапност на навремени здравствени услуги и заштита. Од таа причина, фокусот на тематската област „Здравје" подразбира современа здравствена писменост и информираност на секој млад човек, со цел на развивање на соодветни алатки и достапност на услуги за ментално, физичко и сексуално здравје, во рамки на здрава животна средина. Овие пет аспекти на здравје ја рефлектираат целисходноста на дефиницијата на СЗО и овозможуваат на младите развивање во најдобрата верзија од себеси.

**4.2.1. Менторска поддршка на Младинскиот совет за учество во процесите на креирање политики за заштита на животната средина на локално ниво**

Локалниот младински совет, на 5 декември 2023 година, со апликација бр. 14/-944/2 учествуваше на Јавниот повик распишан од Македонско здружение на млади правници за изразување интерес од Општини и локални младински совети за учество во Програма за техничка и менторска поддршка за младинско учество и креирање политики за заштита на животна средина на локално ниво, којашто се спроведува во рамки на Проектот: „Младински активизам за позелени општини, финансиски поддржан од ЕУ, а во рамки на Програмата IPA Civil Societu Facility and Media Programme 2020 – Support to civic youth initiatives, activism and volunteering in local communities, имплементиран од Македонското здружение на млади правници, Здружението за одржлив развој и заштита на животната средина ГОУ ГРИН, Центарот за климатски промени и Здружението на млади Креактив.

По разгледувањето на апликацијата, Комисијата за избор донесе одлука според која Локалниот младински совет на Општина Гевгелија е избран да биде дел од програмата за техничка и менторска поддшка за младинско учество и креирање политики за заштита на животната средина на локално ниво. Имено, ЛМС на ОГ со Здружението за млади правници ќе потпише Декларација за заложба се обврзуват за остварување соработка преку следните модалитети:

- спроведување консултации меѓу потписниците на оваа декларација за заложба во врска со прашањата од областа на младинско учество и активизам во процеси на креирање политики за заштита на животна средина на локално ниво;

- обезбедување поддршка во спроведување на активностите во директна надлежност на Општината и ЛМС Гевгелија- имплементаторите на проектот и каде е тоа возможно а во насока на исполнување на целта на декларацијата за заложба за зголемување на учеството на ЛМС Гевгелија во процесите на креирање политики за заштита на животната средина на локално ниво;

- активно да се учествува во активностите кои се организираат во рамките на проектот а спаѓаат во рамките на надлежностите на ЛМС Гевгелија и имплементаторите на проектот;

- обезбедување поддршка во креирање локални политики, програми и планови за младинско учество во процеси на креирање политики на локално ниво за животна средина;

- вклучување на зелените прашања во политики, програми и планови за младинско учество или вклучување на учеството на младите во програмата за работа на ЛМС Гевгелија за заштита на животна средина;

- менторство и јакнење на капацитетите на локалниот младински совет за прашања поврзани за креирање политики за младинско учество и застапување за прашања поврзани со заштита на животната средина;

- спроведување на заеднички активности за јакнење на капацитетите на младите и покревање на јавната свест за заштита и унапредување на животна средина;

- обезбедување можност за учество во јавни настани и обуки кои ќе се организираат во рамки на проектот, а со цел промовирање на прашањата поврзани со младинско учество и прашања поврзани со заштита на животна средина;

- други активности за меѓусебна помош и поддршка помеѓу договорните страни, вклучувајќи и учество на настани спроведувани во рамки на Проектот, а кои се насочени кон вклучување на младите во процеси на креирање политики за заштита на животна средина;

- промовирање меѓусебни активности и можности за учество на младите, младински организации, организации за млади и организации кои работат со млади;

- олеснување и охрабрување директни контакти помеѓу Локалните младинските совети, локални невладини организации, граѓански иницијативи, приватни компании или медиуми;

- воспоставување механизми за учество на младите во процесите на донесувањето одлуки поврзани со зелени политики на локално ниво и креирање на политики на ла локално ниво од областа на животната средина и опфаќање на животната средина како тема при изработка на стратешки документи;

- спроведување на обука и едукација за улогата и областите на делување како и механизми за спроведување на активностите за позитивни промени на сегашниот состав на ЛМС како и на идните потенцијални членови на ЛМС Гевгелија;

- насоки за толкување и активно искористување на механизмите, правилниците, законските норми и начините за успешен младински активизам.

Соработката со ЛМС Гевгелија за остварување на целите предвидени во оваа заложба ќе се одвива на определено време се до завршување на проектот, односно до 30.06.2024 година.

4.1.3.1. временска рамка: јануари – јуни 2024 г.

4.1.3.2. Индикатори по активности:
- број на членови на Локален младински совет (девојки и момци);

4.1.3.3. Буџет по активности: 0 ден.

4.1.3.4. Носител/извршител на активноста: Локален младински совет, службеник за млади, Македонско здружение на млади правници, Здружение за одржлив развој и заштита на животната средина ГОУ ГРИН, Центарот за климатски промени и Здружение на млади Креактив.

**Службеник за млади**

**1. Координација, подготовка на материјали за работата на Локален младински совет и Локално младинско собрание и присуство на седници**

- Функцијата на службеникот/чката за млади е да биде одговорен/на за работата на Локалниот младински совет, за Канцеларијата за млади, како и за координирање и следење на прашањата за младите во делокругот на работа на институцијата. Службеникот/чката за млади е одговорното лице за воспоставувањето и работата на ЛМС, и контакт помеѓу институцијата и советот, како и контакт со младинскиот граѓански сектор. Службеникот/чката за млади е задолжен да ја поттикнува и поддржува работата на Советот, да обезбедува помош при закажување и организирање состаноци, средби со институции, да дава помош при реализирањето активности предвидени со годишната програма на ЛМС, како и логистичка поддршка при подготовка на седници на Советот. Службениците за млади изготвуваат годишни извештаи за работата на институциите во рамки на делокругот на млади, кои ги поднесуваат до Агенцијата за млади и спорт и ги објавуваат на веб-страниците на својата институција.

1.1. временска рамка- јануари – декември 2024 година

1.2. индикатори:
- број на подготвени материјали;
- број на присуство на седници;
- број на предложени иницијативи, мерки, активности;
- подготвена Програма за работа на ЛМС, Општина Гевгелија и службеник за млади;
- подготвен Извештај за реализација на Програмата.

**2. Учество во подготовка на правни и стратешки документи што директно или индиректно се однесуваат на младински прашања**

- Процесот на креирање јавни политики на локално ниво вклучува во себе креирање законска рамка за одредено прашање (закони) или, пак, креирање стратешки документи и планови за некои прашања. Во оваа насока, неопходно е службениците за млади да можат да препознаат кое од младинските прашања бара регулирање со одредени законски текстови, а кои прашања, пак, треба да бидат стратешки определби на институциите.

При креирањето стратешки документи и планови не е предвидена строга постапка што треба да се следи (како за креирање законски текстови), што остава можност за нејзино приспособување секогаш кога е потребно тоа. Па така, неопходно е службениците за млади првенствено да се обратат кон засегнатата група, односно младите и младинските организации. Од засегнатата група најдобро можат да се извлечат предизвиците и потребите на младите. Многу често за одредени проблеми веќе и има изготвено истражувања, па првичните заложби и мислења ќе бидат базирани на докази. Со оглед на потребата, може да се одржат повеќе средби и состаноци со засегнатите страни, бидејќи тие претставуваат основа за креирање цели, активности и индикатори за одредена политика во рамки на секоја институција.

При подготовката на вакви документи за јавни политики, често се случува да има партнерство помеѓу две или повеќе институции, односно организации. Ваквото партнерство може да придонесе за креирање јавен документ што ќе биде релевантен и ќе ги застапува интересите на повеќе страни. Фасилитатор или олеснувач на целиот процес може да биде службеникот за млади. Службеникот може да го координира овој процес кон надвор (младите и формите на младинско здружување), но и кон внатре (помеѓу колегите во институцијата).

2.1. временска рамка- јануари – декември 2024 годиина

2.2. индикатори:
- број на одржани состаноци со млади (момци и девојки) и здруженија на граѓани;
- број на стратешки документи во институцијата во кои службеникот за млади учествува при нивно креирање (комуникациска стратегија, програма за волонтерство итн.).

**3. Контакт за сите младински прашања**

- поддршка на работата на органот на државната управа, спроведување на неговата програма, известување и транспарентност;
- обезбедување информации и нивно споделување со младите преку разновидни пристапи за комуникација со младите;
- редовна комуникација со Агенцијата за млади и спорт за заемно споделување информации и консултации за младински прашања и политики.

3.1. временска рамка- јануари – декември 2024 година

3.2. индикатори:
- број на одговорени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер кои се однесуваат на младинското учество и младинските политики на локално ниво;
- број на одговорени анкети и прашалници кои се однесуваат на младинското учество и младинските политики.

**4. Учество на обуки, семинари и конференции наменети за млади (младинско учество и младински политики)**

- На покана од институции и организации, служеникот за млади ќе присуствува на обуки, семинари и конференции со цел да го искористи вмрежувањето меѓу службениците за млади на национално и меѓународно ниво и размена на позитивни пристапи меѓу службениците заради зголемување на ефективноста и ефикасноста од нивната работа. Со оглед на динамичноста на младинскиот сектор, службениците за млади треба да ја поддржуваат младинската политика и младинските форми на организирање преку присуство и промоција на активностите што доаѓаат од овој сектор. Многу често тоа опфаќа присуство на настан, промоција на истражување и слично, но присуството на службениците за млади не само што означува поддршка за младинските организации туку и им овозможува да се запознаат со предизвиците на младите од прва рака, да се запознаат со младите и младинските организации, да бидат препознаени кај младите поради својата работа и посветеност и да ја промовираат својата работа и своите заложби.

4.1. временска рамка- јануари – декември 2024 година

4.2. индикатори:
- број на средби и јавни настани организирани од страна на форми на младинско здружување на кои присуствувал службеникот за млади;
- број на вмрежувања со службеници за млади.

**Општина Гевгелија**

**Мерка 1. Култура**

Културата игра важна улога во развојот на младите во еманципирани, задоволни, самоуверени и социјално ангажирани граѓани. Затоа, пристапот и учеството на младите во културата е од клучно значење, заедно со нивната способност за креативно размислување и образование преку уметност и културни практики. Состојбите во културата кај нас укажуваат на потребата од зголемување на просторот и можностите за културно изразување на младите, поголема вклученост во креирањето на

културни политики и подобар пристап до културни содржини од интерес за младите. Поаѓајќи од ова, тематската област „Култура” се стреми кон задоволување на улогата на младите како креатори на културни содржини, како учесници во културни програми и како публика. Тоа подразбира и достапна инфраструктура како простор за работа, креација и следење на културни содржини, современо образование и можност за професионална работа во полето, како и поддршка на соработката помеѓу младите во домашен и меѓународен контекст, која ќе придонесе во градење на кохезивни заедници.

**1.1. Финансиска поддршка на млади и здруженија кои работат со млади од 15 до 29 години за реализација на активности од областа на културата**

Општина Гевгелија секоја година распишува Конкурс за финансирање програми и проекти од областа на културата од значење на општина Гевгелија. На конкурсот, можат да се јават: уметници, самостојни уметници, установи од областа на културата со седиште во општина Гевгелија, здруженија на граѓани, физички и правни лица, регистрирани во државата за дејности од областа на културата, согласно Законот за културата и други позитивни законски прописи. Резултатите се објавуваат во вид на Програма, којашто ја носи Советот на Општина Гевгелија.

1.1.1. временска рамка: јануари – декември 2024 г.

1.1.2. Индикатори по активности:
- човечки ресурси;
- финансиски средства;
- број на поддржани момци и девојки за реализација на активности од областа на културата.

1.1.3. Буџет по активности: * број на поднесени барања х одобрени средства за реализација на активности од К4- Културно творештво и манифестации

1.1.4. Носител на активноста: Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт и Одделение за финансии.

**Мерка 2. Здравје**

Светската здравствена организација (СЗО) го дефинира здравјето како „состојба на целосна физичка, психичка и социјална благосостојба, а не само отсуство на болест и немоќ“. Ваквиот холистички пристап на дефинирање на здравјето ја дава базата врз која што сите млади можат да работат на остварување на сопствениот потенцијал. Модерното живеење предизвикува низа на потешкотии за младите луѓе, од кои дел се поврзани со менталното здравје, зависностите од супстанции и одржувањето на здрави животни навики. Овие потешкотии покрај од здравствен аспект, се проткаени со предизвици во достапност на навремени здравствени услуги и заштита. Од таа причина, фокусот на тематската област „Здравје“ подразбира современа здравствена писменост и информираност на секој млад човек, со цел на развивање на соодветни алатки и достапност на услуги за ментално, физичко и сексуално здравје, во рамки на здрава животна средина. Овие пет аспекти на здравје ја рефлектираат целисходноста на дефиницијата на СЗО и овозможуваат на младите развивање во најдобрата верзија од себеси.

**2.1. Финансиска поддршка на млади спортисти**

Општина Гевгелија секоја година распишува Конкурс за финансирање спортски активности. На конкурсот, имаат право да учествуваат правни и физички лица од државата. Под правни лица се подразбираат: спортски здруженија, спортски клубови, здруженија на граѓани, училишни спортски сојузи, трговски друштва, акционерски друштва, трговци поединци регистрирани за вршење дејност спорт, како и правно лице кое покрај регистрацијата за вршење дејност од друга област, е регистрирано и за вршење дејност спорт. Резултатите се објавуваат во вид на Програма, којашто ја носи Советот на Општина Гевгелија.

2.1.1. временска рамка: јануари – декември 2024 г.

2.1.2. Индикатори по активности:
- човечки ресурси;
- финансиски средства;
- број на поддржани момци и девојки за реализација на спортски активности;
- број на поддржани спортски клубови со младински категории.

2.1.3. Буџет по активности:
* број на поднесени барања х одобрени средства за реализација на активности од L0- Спорт

2.1.4. Носител на активноста: Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт и Одделение за финансии.

**2.2. Поставување смарт-клупа, иницијатива на Локален младински совет на Општина Гевгелија**

Во рамки на Проектот на Агенцијата за млади и спорт за младинското учество и вклучувањето на младите во донесувањето одлуки на локално ниво во областа на животната средина и климатските промени, поддржан од УНИЦЕФ, младите од Општина Гевгелија имаа можност да детектираат еко-проблеми и за нив да понудат соодветно решение. Поставувањето смарт-клупа на подрачјето на општина Гевгелија (на новиот парк на Булеварот) е проектот којшто Локалниот младински совет на Општина Гевгелија и младите членови во младинските организации го избраа како приоритетен за реализација во 2024 година од страна на локалната самоуправа. За што од страна на АМС, беше ангажиран стручен ескперт за подготовка на проектна документација, а по нејзината подготовка е предадена на Градоначалникот на општина Гевгелија.

2.2.1. временска рамка: јуни – декември 2024 г.

2.2.2. Индикатори по активности:
- човечки ресурси;
- финансиски средства.

2.2.3. Буџет по активности: 12.500 – 15.000 евра со можност за грант и кофинансирање од Општината

2.2.4. Носител на активноста: Градоначалник на општина Гевгелија

**Мерка 3. Образование**

Образованието претставува најструктуриран и најсистематизиран начин на влијание врз животот на децата и младите преку кој тие усвојуваат знаења, градат ставови и стекнуваат вештини. Тоа игра витална улога во развојот на просперитетно општество и обезбедува основа за личен раст и успех кај младите. Покрај личните придобивки, образованието исто така игра клучна улога во промовирањето на социјалната кохезија и намалувањето на нееднаквоста, а со тоа и отвара можности да се промовира социјалната мобилност. Во РСМ, квалитетот на 27 образованието е тема на тековно подобрување и реформи во последните години. Додека земјата постигна значителен напредок во проширувањето на пристапот до образованието, квалитетот на образованието останува предизвик, а факторите како што се неефикасното финансирање, недостатокот на поддршка за наставници и застарените наставни програми придонесуваат кон потребата од подобрување. Токму поради тоа, тематската област „Образование“ става фокус на модернизирање на образовниот систем по мерка на младите, вклучувајќи подигнување на квалитетот на образованието и подготвеноста на младите за пазарот на трудот, подобрување на инфраструктурата, ревидирање на наставните програми и поддршката за наставниците, како и зголемување на соработката и мобилноста на младите во рамки на образовниот процес.

**3.1. Стипендирање студенти**

Веќе неколку години по ред, Советот на Општина Гевгелија носи Одлуки за стипендирање студенти во прва година на Медицинските, Машинските и Електротехничките факултети, за што Комисијата за образование, култура и спорт распишува Конкурси.

Општина Гевгелија доделува 5 стипендии на студентии запишани на Медицинските факултети и 5 студенти запишани на Машинските и Електротехничките факултети. Висината на стипендијата изнесува 6.000 денари месечно, за 10 месеци, а се исплаќа врз основа на потпишан договор.

2.1.1. временска рамка: октомври 2023 – јули 2024 г. и октомври 2024 – јули 2025 г.

2.1.2. Индикатори по активности:
- човечки ресурси;

- финансиски средства;
- број на стипендирани момци и девојки запишани на Медицински факултети;
- број на стипендирани момци и девојки запишани на Машинските и Електротехничките факултети,

2.1.3. Буџет по активности: * број на студенти х 6.000 месечно од Д0- Градоначалник

1.1.4. Носител на активноста: Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт, Одделение за образование и Одделение за финансии.

**Мерка 4. Изработка на Локална стратегија за млади**

Локална стратегија за млади е стратешки документ со кој во согласност со Националната стратегија за млади се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите на локално ниво и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување.

2.1.1. временска рамка: јуни – октомври 2024 г.
2.1.2. Индикатори по активности:
- човечки ресурси;
- финансиски средства;
- број на момци и девојки учесници во изработката на Стратегијата.

2.1.3. Буџет по активности: 100.000 ден.

| | |
|---|---|
| **5. Очекувани резултати од мерките** | Согласно мерливите индикатори за следењето на состојбата и разделени статистички податоци, ќе се анализира дали се постигнати целите на мерките во програмата за подобрување на положбата на младите на локално ниво. И тоа:<br>- поголем интерес на младите за учество во донесувањето одлуки на локално ниво;<br>- зголемен број иницијативи од корист на младите;<br>- еднакво учество на младите (момци и девојки) во сите општествени сфери;<br>- зајакната соработка на локалната самоуправа со младите. |
| **6. Ризици** | Економска и здравствена криза, иселување на младите. |

| | |
|---|---|
| **7. Буџет на програмата и извори на финансирање** | Активностите утврдени во оваа Програма ќе бидат реализирани со средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година (Програма D0 Градоначалник), со можност и за други извори на финансирање како што се проекти, соработка со Агенција за млади и спорт и невладини организации кои работат во областа на младите. Согласно Законот за младинско учество и младински политики, од Буџетот на Општина Гевгелија треба да се издвојат средства во висина од најмалку 0,1%. Програмата е утврдена на 270.544 денари. |
| **8. Следење и известување/ евалуација** | Извршувањето на Програмата ќе го следи службеникот за млади во Општина Гевгелија. Мониторингот ќе се врши согласно препораката за користење на матрицата за следење програми од UN Women Скопје, којашто ќе се ажурира двапати годишно. Податоците за индикаторите ќе се добиваат преку евиденција за реализација на активностите.<br>Притоа, ќе биде подготвен и Годишниот извештај којшто ќе уследи на усвојување на Советот на Општина Гевгелија, а ќе биде објавен во службеното гласило. Покрај објавувањето во службеното гласило, во соработка со ИТ- службата ќе се промовираат активностите и резултатите на веб-страната на Општина Гевгелија и социјалните мрежи, со коишто располага Општина Гевгелија. |
| **9. Завршни и преодни одредби** | Програмата за работа на Локален младински совет на Општина Гевгелија, Општина Гевгелија и службеникот за млади во делукрогот на млади за 2024 година стапува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Гевгелија“. |

Бр.09-188/1
29.01.2024 г.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Правилникот за утврдување критериуми, услови и постапка

**за доделување еднократна парична помош**

Се објавува Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за утврдување критериуми, услови и постапка за доделување еднократна парична помош, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 29.01.2024 година.

Бр.08-204/12
31.01.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-----------------------------------------------------

.

Врз основа на член 22 став (1) точка 7, член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 38 став (1) точка 11 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21), Советот на Општина Гевгелија на својата 37-ма седница, одржана на ден 29.01.2024 година, го донесе следниот

# П Р А В И Л Н И К
## ЗА УТВРДУВАЊЕ КРИТЕРИУМИ, УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се одредуваат критериумите, условите и постапката за доделување еднократна парична помош и висината на паричната помош која ја доделува Општина Гевгелија на физички лица.

**Член 2**

Право на користење еднократна парична помош согласно одредбите од овој Правилник можат да остварат физички лица, коишто се жители на Општина Гевгелија само еднаш во текот на календарската година.

**Член 3**

Во Буџетот на Општина Гевгелија, за секоја година посебно се предвидуваат средствата кои се доделуваат на физички лица во вид на:

1. Еднократна парична помош за социјално-загрозени лица;
2. Еднократна парична помош за лекување;
3. Еднократна парична помош за родители на деца со попреченост;
4. Еднократна парична помош за смртен случај;
5. Еднократна парична помош за жртви на семејно насилство;
6. Еднократна парична помош за новородено;
7. Еднократна парична помош за прво новороденче во годината.

## II. КРИТЕРИУМИ, УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ

### Еднократна парична помош за социјално-загрозени лица

**Член 4**

Општина Гевгелија доделува еднократна парична помош за задоволување на потребите на лице- жена и маж или семејство кое се нашло во положба на социјална, односно материјална загрозеност (невработени лица, приматели на гарантирана минимална помош и социјална пензија).

Висината на паричната помош од ставот 1 на овој член изнесува 3.000,00 денари.

Паричната помош од став 1 на овој член се доделува на невработени, приматели на гарантирана минимална помош и социјална пензија.

Постапката за доделување парична помош на социјално-загрозени лица се поведува со поднесување на писмено барање до Архивата на Општина Гевгелија.

Со поднесувањето на барањето, подносителот потпишува изјава за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош.

За остварување на правото на парична помош за социјално- загрозени лица, барателот со барањето ја поднесува следната документација:

-копија од важечка лична карта на барателот;

-потврда од Агенцијата за вработување на РСМ (за невработени);

-потврда од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија (за приматели на ГМП и социјална пензија);

-потврда од Фонд за пензиско и инвалидско осигурување дека не се приматели на пензија;

-копија од трансакциска сметка на барателот.

### Еднократна парична помош за лекување

**Член 5**

Еднократна парична помош се доделува на физички лица за лекување во државата и странство, а кои не се во можност финансиски да ги покријат трошоците за лекување.

Висината на паричната помош од став 1 на овој член изнесува од 3.000,00 до 25.000,00 денари.

Во исклучителни ситуации, висината на паричната помош може да биде и повисока од утврдената во став 2 на овој член, а најмногу до 30.000,00 денари и тоа кога барателот е во живото-загрозувачка состојба и му се потребни повеќе финансиски средства за да изврши оперативен зафат.

Постапката за доделување на парична помош за лекување се поведува со поднесување писмено барање до Архивата на Општина Гевгелија.

Со поднесување на барањето, подносителот потпишува изјава за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош.

За остварување на правото на парична помош за лекување, барателот со барањето ја поднесува следната документација:

-копија од важечка лична карта на барателот;

-медицинска документација (специјалистички упати, наоди од специјалист, извештај за историјат на болеста, отпусни листи, медицински потврди од соодветни здравствени установи за болничко лекување, потврда/извештај за закажана хируршка интервенција и слично, не постари од 6 месеци);

-копија од трансакциска сметка на барателот.

### Еднократна парична помош за родители на деца со попреченост

**Член 6**

Општина Гевгелија доделува еднократна парична помош за родители на деца со попреченост.

Висината на паричната помош од ставот 1 на овој член изнесува 6.000,00 денари.

Постапката за доделување парична помош се поведува со поднесување на писмено барање до Архивата на Општина Гевгелија.

Со поднесувањето на барањето, подносителот потпишува изјава за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош.

За остварување на правото на парична помош, барателот со барањето ја поднесува следната документација:

-копија од важечка лична карта на барателот;

-копија од трансакциска сметка на барателот;

-копија од наод и мислење од соодветен стручен орган- комисија.

**Еднократна парична помош за смртен случај**

**Член 7**

Еднократна парична помош ќе се доделува за смртен случај во семејства кои не се во можност финансиски да ги покријат трошоците за истиот.

Висината на паричната помош од став 1 на овој член е 6.000,00 денари.

Паричната помош од став 1 на овој член се доделува на невработени лица, приматели на гарантирана минимална помош и социјална пензија.

Постапката за доделување на парична помош за смртен случај се поведува со поднесување на писмено барање до Архивата на Општина Гевгелија.

Со поднесувањето на барањето, подносителот потпишува изјава за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош.

Потребна документација за остварување на правото на парична помош за за смртен случај за барателот и членовите на неговото семејството е:

-копија од важечка лична карта на барателот;

-извод од матичната книга на умрените;

-потврди од Агенцијата за вработување на РСМ (за невработени);

-потврда од Центар за социјални работи (за корисници на гарантирана минимална помош);

-копија од трансакциска сметка на барателот.

Барањето за остварување на правото на парична помош од став 1 на овој член се поднесува во рок од три месеци од настанувањето на смртниот случај.

**Еднократна парична помош за жртви на семејно насилство**

**Член 8**

Општина Гевгелија доделува еднократна парична помош за жртви на семејно насилство.

Висината на паричната помош од ставот 1 на овој член изнесува 6.000,00 денари.

Постапката за доделување парична помош се поведува со поднесување на писмено барање до Архивата на Општина Гевгелија.

Со поднесувањето на барањето, подносителот потпишува изјава за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош.

За остварување на правото на парична помош, барателот со барањето ја поднесува следната документација:

-копија од важечка лична карта на барателот;

-копија од трансакциска сметка на барателот;

-потврда од Основен суд Гевгелија за изречена привремена мерка на сторителот на семејното насилство.

**Еднократна парична помош за новородено дете**

**Член 9**

Право на еднократна помош за новородено дете имаат родители жители на општина Гевгелија.

Висината на парична помош изнесува 6.000 денари за новородено дете и 12.000,00 денари за третородено дете и секое наредно новородено дете.

Постапката за доделување на парична помош за новородено дете се поведува со поднесување на писмено барање до Архивата на Општина Гевгелија.

Со поднесувањето на барањето, подносителот потпишува изјава за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош.

Потребна документација за остварување на правото на парична помош за новородено дете:

-копија од важечка лична карта од родителите;

-копија од извод од матичната книга на родените за детето (за новороденчето, за трето дете- извод за сите три деца);

-копија од трансакциска сметка на барателот.

Барањето за остварување на правото на парична помош од став 1 на овој член се поднесува во рок од шест месеци од раѓањето на детето.

**Еднократна парична помош за прво новородено дете**

**Член 10**

Право на еднократна помош за прво новородено дете има мајката која ќе го роди првото новороденче во тековната година.

Висината на паричната помош од став 1 на овој член изнесува 20.000 денари.

Општа болница со проширена дејност Гевгелија ја известува Општина Гевгелија кога ќе се роди првото новороденче во годината.

## III. КОМИСИЈА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНА ПОМОШ

**Член 11**

По поднесени барања за доделување на парична помош согласно овој Правилник, одлучува Градоначалникот на Општината по претходен предлог на Комисијата за доделување парична помош.

**Член 12**

Комисијата за доделување на парична помош (во натамошниот текст Комисија) составена од 3 члена, со Решение ја формира Градоначалникот на Општина Гевгелија од редот на вработените во општинската администрација.

**Член 13**

Комисијата ги разгледува поднесените барања и констатира дали барателите ги исполнуваат условите за доделување на парична помош согласно одредбите од овој Правилник.

**Член 14**

Доколку барањето е комплетно и е поднесено согласно пропишаниот рок, Комисијата ја проверува основаноста на барањето и дава предлог до Градоначалникот согласно овој правилник.

**Член 15**

По доставувањето на предлогот, Градоначалникот на Општина Гевгелија донесува Решение за одобрување или одбивање на барањето за доделување на парична помош.

**IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 16**

Со влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош бр.09-2562/1 од 27.12.2022 година.

**Член 17**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-189/1
29.01.2024 год.
Гевгелија

Претседател
наСоветот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

----------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за субвенционирање на потрошувачката на основните комунални услуги**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за субвенционирање на потрошувачката на основните комунални услуги, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 29.01.2024 година.

Бр.08-204/13
31.01.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), и член 38 став (1) алинеа 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 2/21 и 5/21), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Одлуката за субвенционирање на потрошувачката на основните комунални услуги**

**Член 1**

Со оваа одлука се вршат измени и дополнување на Одлуката за субвенционирање на потрошувачката на основните комунални услуги („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 6/20).

**Член 2**

Во член 2 од одлуката ставот 1 се менува и гласи:
„Одлуката се однесува на лица кои се корисници на право на гарантирана минимална помош, право на социјална сигурност или надоместок заради попреченост (во понатамошниот текст- корисник) на подрачјето на општина Гевгелија“.
Во став 2, алинеа 1 се менува и гласи:
„- остварува право на гарантирана минимална помош и право на надоместок заради попреченост, согласно Законот за социјалната заштита или остварува право на социјална сигурност, согласно Законот за социјална сигурност за старите лица“.

**Член 3**

Во член 5 став 2, алинеа 1 се менува и гласи:
„- потврда дека е корисник на гарантирана минимална помош, на право на социјална сигурност или надоместок заради попреченост;“.
Во став 3 алинеа 1 зборовите „социјална пензија“ се заменуваат со зборовите „ право на социјална сигурност;“

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија", и ќе се применува до донесувањето на нова Одлука.

Бр.09-190/1
29.01.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општината Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Гевгелија, донесува

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Решението за предлагање член во Управниот одбор на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи-Гевгелија од редот на вработените во општинската администрација**

Се објавува Решението за предлагање член во Управниот одбор на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи-Гевгелија од редот на вработените во општинската администрација, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 29.01.2024 година.

Бр.08-204/15
31.01.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-------------------------------------------------------

Врз основа на член 100 став (3) од Законот за социјална заштита ("Службен весник на РМ" бр.79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15, 30/16, 163/17 и 51/18 год.), член 36 став (1) точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став (1) точка 42 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 8/14, 13/20, 02/21 и 05/21год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2024 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за именување член во Управниот одбор на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи-Гевгелија како претставник на Општина Гевгелија**

1. Во Управниот одбор на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи-Гевгелија како претставник на општината, се именува:

**- Љубица Карајанова, раководител на Одделението за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт во Општина Гевгелија.**

2.Решението да се достави до Меѓуопштинскиот центар за социјални работи - Гевгелија, и до именуваното лице.

3.ОваРешение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-191/1
29.01.2024год..
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на годишните извештаи од сите корисници на финансиски средства од Програмата за финансирање на проекти, манифестации и значајни настани на месните заедници во Општина Гевгелија за 2023 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на годишните извештаи од сите корисници на финансиски средства од Програмата за финансирање на проекти, манифестации и значајни настани на месните заедници во Општина Гевгелија за 2023 година,што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 29.01.2024 година.

Бр.08-204/16
31.01.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-----------------------------------------------------------

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 29.01.2024 година, по расправата по Предлог-Извештајот за реализацијата на Програмата за финансирање на проекти, манифестации и значајни настани на месните заедници во Општина Гевгелија за 2023 година, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на проекти, манифестации и значајни настани на месните заедници во Општина Гевгелија за 2023 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

Бр.09-192/1
29.01.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

,

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на годишните извештаи од сите корисници на финансиски средства од Програмата за финансиска поддршка на НВО секторот од Општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2023 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на годишните извештаи од сите корисници на финансиски средства од Програмата за финансиска поддршка на НВО секторот од Општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2023 година,што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 29.01.2024 година.

Бр.08-204/17
31.01.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-----------------------------------------------

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 29.01.2024 година, по расправата по Предлог-Извештајот за реализацијата наПрограмата за финансиска поддршка на НВО секторот од Општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2023 година, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

1**.**Се усвојува Извештајот од корисниците на финансиските средства од Програмата за финансиска поддршка на НВО секторот од Општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2023 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″**.**

Бр.09-193/1
29.01.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

,

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на одлуката за прифаќање на донација од Фондација "ИЦЕ БЕГОВ" – Скопје**

Се објавува Одлуката за прифаќање на донација од Фондацијата ,,ИЦЕ БЕГОВ“-Скопје, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 29.01.2024 година.

Бр.08-204/18
31.01.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

----------------------------------------------------

*Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.), член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21г.), а во врска со член 6 од Законот за финансирањето на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15г.), и член 10 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14, 153/15 и 209/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.01.2024 година, донесе*

**ОДЛУКА**
**за прифаќање на донација од Фондација "ИЦЕ БЕГОВ" – Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Гевгелија во својство на примател на донацијата ја прифаќа донацијата од Фондација "ИЦЕ БЕГОВ" - Скопје, која што се состои во реализација на нов проект – **опремување на инклузивен јавен парк "ИЦЕ БЕГОВ", преку оплеменување на просторот на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз–Тито" во Гевгелија (КП бр.3312 КО Гевгелија), во вредност од 2.568.659,40 денари со вклучен ДДВ.**

**Член 2**

Донацијата не создава никаква корист за давателот, ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

**Член 3**

Се задолжува одделението за правни работи во Општина Гевгелија да изготви Договор за прифаќање на донацијата со давателот на донацијата, да го реализира потпишувањето на истиот, како и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните државни органи.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-194/1
29.01.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Општина Гевгелија за 2023 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Општина Гевгелија за 2023 година, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 29.01.2024 година.

Бр.08-204/19
31.01.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---

Врз основа на член 89 став (2) од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), и член 374 став (5) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ"бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18 и 83/18 година, и "Службен весник на РСМ" бр.98/19 год,), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.01.2024 година, расправајќи по Извештајот за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија за 2023 година, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

1. Се усвојува Извештајот за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија за 2023 година.

2.Примерок од овој Заклучок да се достави до Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-195/1
29.01.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општината Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Општина Гевгелија за 2024 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Општина Гевгелија за 2024 година што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 29.01.2024 година.

Бр.08-204/19
31.01.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---

Врз основа на член 89 став (2) од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), и член 374 став (3) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18 и 83/18 год., и "Службен весник на РСМ" бр.98/19 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.01.2024 година, расправајќи по Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија за 2024 година, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

1. Се усвојува Програмата за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија за 2024 година.

2.Примерок од овој Заклучок да се достави до Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-196/1
29.01.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

--------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на Програмата за работните активности на ЈПКД ,,Комуналец“-Гевгелија за 2024 година**

Се објавува Решението за давање согласност на Програмата за работните активности на ЈПКД ,,Комуналец“-Гевгелија за 2024 година што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 29.01.2024 година.

Бр.08-204/20
31.01.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 11 став (1) точка 8 од Законот за јавните претпријатија (″Службен весник на РМ″ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12,119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 02/19 год. и "Службен весник на РСМ" бр.275/19 и 89/22 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2024 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Програмата за работни активности на ЈПКД ″Комуналец″- Гевгелија за 2024 година**

1.Се дава согласност на Програмата за работни активности на ЈПКД ″Комуналец″- Гевгелија за 2024 година, усвоена од Управниот одбор на Јавното претпријатие со Одлука бр.02-116/2 од 16.01.2024 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

Бр.09-197/1
29.01.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

-----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлуката за утврдување приоритет на Проектот „Изградба на водоводна мрежа, фекална канализација и атмосферска канализација за дел од блок 4.4., општина Гевгелија“**

Се објавува Одлуката за утврдување приоритет на Проектот ,,Изградба на водоводна мрежа, фекална канализација и атмосферска канализација за дел од блок 4.4, Општина Гевгелија што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 29.01.2024 година.

Бр.08-204/21
31.01.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

----------------------------------------------------------

Врз основа на член 22 став (1) точка 4, член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 14 став (1) точка 4, член 38 став (1) точка 43, член 62 став (1) точка 13 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на 37-та редовна седница, одржана на ден 29.01.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**

**За утврдување приоритет на Проектот „Изградба на водоводна мрежа, фекална канализација и атмосферска канализација за дел од блок 4.4., општина Гевгелија“**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на општина Гевгелија **УТВРДУВА ПРИОРИТЕТ** на Проектот „Изградба на водоводна мрежа, фекална канализација и атмосферска канализација за дел од блок 4.4., општина Гевгелија“.

**Член 2**

Приоритетот од член 1 од оваа Одлука е утврден врз основа на извршените согледувања на приоритетите во општината Гевгелија.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-198/1
29.01.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх** с.р.

-----------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општината Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Изјавата дека Општина Гевгелија ги исполнува условите за снабдување со вода за пиење и одведување урбани отпадни води**

Се објавува Изјавата дека Општина Гевгелија ги исполнува условите за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, што Советот на Општина Гевгелија ја даде на седницата одржана на 29.01.2024 година.

Бр.08-204/22
31.01.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.) а во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициска банка по Договорот за заем по Проектот Подобрување на водната инфраструктира на Општините во Северна Македонија, („Службен Весник на РСМ“ бр.203/2022), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2024 година, дава

**ИЗЈАВА**
**дека Општина Гевгелија ги исполнува следните услови**

Општината Гевгелија има формирано јавно претпријатие за комунални работи, под назив Јавно претпријатие за комунални дејности „Комуналец“.

Јавно претпријатие за комунални дејности „Комуналец“, ги покрива услугите кои се однесуваат на снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, и не е оптоварено со долгови кои би го довеле во прашање неговото функционирање.

Јавно претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ со утврдената тарифа овозможува покривање на трошоците за тековното и идно функционирање и одржување на Проектот/тите.

Проектите со кои ќе аплицира општината ќе бидат одобрени со одлука од Советот на општината.

Сите досега финансирани проекти за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води во Општината Гевгелија од донации од државата или меѓународни институции се реализирани и се во функција.

Доколку општината не ги исполни условите од дадената изјава се обврзува да ги врати средствата во целост.

Бр.09-199/1
29.01.2024 год.

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,

Гевгелија **Патрик Матх** с.р.

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за давање согласност и овластување за потпишување Договор/и за грант**

Се објавува Одлуката за давање согласност и овластување за потпишување Договор/и за грант, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 29.01.2024 година.

Бр.08-204/23
31.01.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 22 став (1) точка 4, член 36 став (1) точка 15 и член 50 став (1) точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), член 62 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21, 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на својата 37-ма седница одржана на ден 29.01.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант**,

согласно Договор за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска инвестициска банка за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот **Подобрување на водната инфраструктира на Општините во Северна Македонија, („Службен Весник на РСМ“ бр. 203/2022)** и Одлука за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот “Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“ (“Службен весник на РСМ“ бр. 166 од 4.08.2023),

меѓу Општина Гевгелија и
Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Гевгелија да го потпишување на Договор/и за грант, кој ќе се склучи согласно Договор за финансирање SERAPIS бр.2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот Подобрување на водната инфраструктира на општините во Северна Македонија, („Службен Весник на РСМ“ бр.203/2022) и Одлука за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот “Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“ (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.166 од 4.08.2023), меѓу Општина Гевгелија и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија

**Член 2**

Се задолжува и овластува Градоначалникот на Општина Гевгелија, да го потпише Договорот/ите за грант, кој ќе се склучи согласно Договор за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот Подобрување на водната инфраструктира на општините во Северна Македонија, („Службен Весник на РСМ“ бр.203/2022) меѓу Општина Гевгелија и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија”.

Бр.09- 200/1
29.01.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх** с.р.

-------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општината Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлукатаза давање согласност на Измената на Годишниот план за вработување на Општина Гевгелија за 2024 година**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Измената на Годишниот план за вработување на Општина Гевгелија за 2024 година, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 29.01.2024 година.

Бр.08-204/24
31.01.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-------------------------------------------------------

Врз основа на член 38 став (1) точка 26 од Статутот на Општина Гевгелија, („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), а во врска со член 20-б став (1) алинеа 3 и став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 год. и ″Службен весник на РСМ″ бр.143/19 и 14/20 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 29.01.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Измената на Годишниот план за вработување на Општина Гевгелија за 2024 година**

**Член 1**

Се дава согласност на Измената на Годишниот план за вработување на Општина Гевгелија за 2024 година, предложен од Градоначалникот на Општина Гевгелија.

**Член 2**

Градоначалникот на Општина Гевгелија, изменетиот Годишниот план за вработување на Општина Гевгелија за 2024 година, да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-201/1
29.01.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за приоритет на проект за изградба на улица “Свети Климент Охридски” (продолжување на Булевар Гевгелија), Општина Гевгелија**

Се објавува Одлуката за приоритет на проект за изградба на улица “Свети Климент Охридски” (продолжување на Булевар Гевгелија), Општина Гевгелија, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 29.01.2024 година.

Бр.08-204/25
31.01.2024 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов**

------------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.) Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 29.01.2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за приоритет на проект за изградба на улица “Свети Климент Охридски” (продолжување на Булевар Гевгелија), општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува приоритет на проект: **Изградба на улица “Свети Климент Охридски” (продолжување на Булевар Гевгелија), општина Гевгелија”**.

**Член 2**

Средствата за реализација на Третата фаза која вклучува: тампон, рабници и асфалт на коловозот, се обезбедени преку Проектот за поврзување на локални патишта преку Министерството за транспорт и врски, обезбедени од Светска Банка.

**Член 3**

Општина Гевгелија се обврзува да обезбеди средства за реализација на четвртата фаза од изградбата на улица “Свети Климент Охридски” (продолжување на Булевар Гевгелија). Истата ќе се реализира во периодот од 2024 до 2026 година.

**Член 4**

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката
за приоритет на проект за изградба на улица “Свети Климент Охридски” (продолжување на Булевар Гевгелија), под арх.бр.09-1969/1 од 06.12.2023 год.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување и ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-202/1
29.01.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------------

***СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА“, Излегува по потреба***
***Уредува и издава: Општина Гевгелија-Одделение за правни работи.***
***Ул. ,,Димитар Влахов“ бр. 4 Гевгелија***